**ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**

| | |
|---|---|
| **РОЗА КИТРОЗОСКА**<br><br>**професор по македонски јазик вкупно 20 часа** | Изведува настава по македонски јазик во<br>VI а, б одделение 8часа,<br>VII а,б одд. 8 часа,<br>VIIIа одделение 4 часа,<br>додатна настава по македонски јазик во VII оделение,<br>одговорна на литературно - новинарската секција<br>член на комисија за одбележувања и прослави. |
| **ЈАДРАНКА КИТАНОСКА<br>професор по математика-физика<br>вкупно 22 часа** | Изведува настава по математика во<br>VI а, б (10часа) ,<br>VII б 4 часа<br>Физика од VIII до IX одделение (8 часа),<br>Изведува додатна настава по физика во IX одделение,<br>член на комисија за екскурзии,посети и излети |
| **КАТЕРИНА БОШКОСКА<br>професор по математика<br>вкупно 20 часа** | Изведува настава по математика во<br>VIIа, одделение (4 часа),<br>VIII а,б (8 часа)<br>IXа,б (8часа).<br>Одговорна на математичката секција. |

| | |
|---|---|
| | Додатна настава по математика во VII одделение ,<br>одговорна за натпреварите по математика,<br>член на тимот за професионален развој,<br>член на ситот за ПМИО. |
| **ПЕТАР АНТОНОВ**<br>**професор по историја**<br>**вкупно 20 часа** | Изведува настава по историја и општество VI а,б - 4 часа<br>Историја од VII - IX одделение 12 часа (вкупно 16 часа),<br>ЕСАРУ администратор 3 часа<br>1 час работа во библиотека.<br>Одговорен за историската секција,<br>Додатна настава по историја во VIII одделение,<br>Член на комисија за одбележувања и прослави,<br>Член на тимовите за инклузија и подршка на учениците. |
| **СНЕЖАНА СТОЈАНОСКА**<br>**Професор по македонски јазик**<br>**вкупно 20 часа** | Изведува настава по македонски јазик во VIII б одделение 4 часа,<br>IX а ,б одделение 8 часа,<br>дополнува 8 часа во училишната библиотека како библиотекар<br>Додатна настава по македонски јазик во IX оделение,<br>Одговорна на рецитаторско драмската секција и Ученичкиот парламент<br>Член на комисија за одбележувања и прослави. |
| **ОЛИВЕРА ПЕТКОСКА** | Изведува настава по Музичко образование од VI-IX одделение (8 часа)<br>3 часа хор,<br>3 часа во библиотека |

| | |
|---|---|
| **професор по музичко образование**<br>**вкупно 20 часа** | Дополнува 6 часа во основно музичко училиште Методи Патчев во Охрид.<br>Додатна настава по музичко образование во VI одделение,<br>Член на комисија за одбележување и прослави . |
| **МАЈА ПОПОСКА**<br>**професор по биологија и хемија**<br>**вкупно 20 часа** | Изведува настава по биологија VII-IX одд. 12 часа<br>Хемија од VIII до IX одделение 8 часа Додатна настава по биологија во VIIIодделение,<br>Одговорна на биолошко-хемиска секција, член на комисија за екскурзии, посети и излети |
| **КАТЕРИНА НАЈДЕСКА**<br>**професор по германски јазик**<br>**16 часа + 4 часа во друго училиште**<br>**вкупно 20 часа** | Изведува настава по германски јазик VI-IX одделение 16 часа,<br>дополнува 4 часа германски јазик во ООУ „Кочо Рацин “Охрид<br>Додатна настава по германски јазик во VI одделение<br>Одговорна на секција за германски јазик,<br>Член на комисија за одбележување и прослави. |
| **ЗОРАН СТАНКОСКИ**<br>**професор по географија**<br>**вкупно 24 часа** | Изведува настава по географија од VI-IX одделение (вкупно 14часа)<br>6 часа природни науки во VI оодделение<br>4 часа Природни науки во V одделение<br>Додатна настава по географија во VIII одделение.<br>Одговорен на географската секција.<br>Член на комисија за екскурзии, посети и излети.<br>Одговорен за активот од природно-математичката група предмети и комисијата за професионален развој. |

| | |
|---|---|
| **ДУБРАВКА СЕРШИЌ**<br>**професор по информатика**<br>**вкупно 12 часа**<br>**(+ 8 часа во друго училиште, вкупно 20 часа)** | Изведува настава по техничко образование и информатика VI а, б (4 часа),<br>информатика во VII а,б (2 часа),<br>иновации во IX а, б (2часа),<br>Програмирање - изборен во IXа,б одделение ( 4 часа)<br>Дополнува 8 часа во ЕМУЦ СВ. Наум Охридски Охрид.<br>Додатна настава по информатика во VII одделение , одговорна на секцијата<br>“Млади информатичари-микробит’,<br>член на комисија за естетско уредување на просториите. |
| **ЖАНЕТА СТАИЌ**<br>**Професор по ликовно образование**<br>**(8 часа )** | Изведдува настава по Ликовно образование VI-IX одделение (вкупно 8 часа) дополнува часови во ЕМУЦ Св. Наум Охридски Охрид-кое и е и матично училиште.<br>Одговорна е на ликовната секција<br>Член на комисијата за уредување на училишните простории. |
| **ЈУЛИЈАНА МИЛЕСКА**<br>**професор по информатика и техничко образование**<br>**(12 часа)** | Изведува настава по техничко образование и информатика во V а,б(4 часа),<br>ТО во VIII, а,б-изборен (4 часа),<br>4 часа изборни предмети во VII одделение (вкупно 12 часа ),<br>Одговорна на секцијата “Клуб на сообраќајни техничари“. |
| **ИВАНА ИЛИЕСКА МИЛОШОСКИ**<br>**професор по социологија**<br>**(вкупно 10 часа)** | Изведува настава по Етика во VII одделение 2 часа,<br>Граѓанско образование во VIII и IX одделение 4 часа, |

| | |
|---|---|
| | Изборни предмети во VI одделение 4 часа.<br>Дополнува часови во ООУ„Братство,Охрид. |

**8.2. Распоред на часови**

*Распоредите на часови се внесени во делот прилози.

**8.3 Работа во смени**

Училиштето работи во две смени претпладневна и попладневна.На секои две недели се менуваат учениците од одделенска и предметна настава. Претпладневната смена започнува во 7:45 , а попладне во 13:30 часот за одделенска настава ,а во 13:15 за предметна настава.

**РАСПОРЕД НА SВОНЕЊЕ**

**Прва смена**

| *Час* | *Време* | | *Одмор* |
|---|---|---|---|
| | *Почнува* | *Завршува* | |
| *1* | $7^{45}$ | $8^{20}$ | 5 |
| *2* | $8^{25}$ | $9^{05}$ | 5 |
| *3* | $9^{25}$ | $10^{05}$ | 20 |
| *4* | $10^{10}$ | $10^{50}$ | 5 |
| *5* | $10^{55}$ | $11^{35}$ | 5 |
| *6* | $11^{40}$ | $12^{20}$ | 5 |
| *7* | $12^{25}$ | $13^{05}$ | |

**Втора смена**

| ***Час*** | ***Време*** | | ***Одмор*** |
|---|---|---|---|
| | ***Почнува*** | ***Завршува*** | |
| *1* | $13^{30}$ | $14^{10}$ | *5* |
| *2* | $14^{15}$ | $14^{55}$ | *20* |
| *3* | $15^{15}$ | $15^{55}$ | *5* |
| *4* | $16^{00}$ | $16^{40}$ | *5* |
| *5* | $16^{45}$ | $17^{25}$ | *5* |
| *6* | $17^{30}$ | $18^{10}$ | *5* |
| *7* | $18^{15}$ | $18^{55}$ | |

**8.4. Јазик / јазици на кој/и се изведува наставата**

Наставата во нашето училиште се изведува на македонски наставен јазик. Според националниот состав најголем број ученици се македонци 206 ,а помал број 18 се египќани кои наставата исто така ја следат на македонски наставен јазик.

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 18 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 226 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 25 + 2 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Во основното училиште се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

| Одделение | Наставник |
|---|---|
| **прво** | Ирена Богеска<br>Билјана Билбилоска Тодороска |
| **второ** | Марија Петроска<br>Мирјана Крлеска |
| **трето** | Ирена Јанкоска<br>Наташа Калајџиеска |
| **Продолжен престој** | Ангажиран е наставник од Општина Охрид |

## 8.6. Комбинирани паралелки

- немаме комбинирани паралелки

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето се изучуваат два странски јазици:

- Англиски јазик како прв странски јазик кој го изучуваат учениците од I - IX одделение

Наставата по англиски јазик ја изведуваат двајца наставници : Марија Мицеска која изведува настава од VI - IX одделение, Јана Бојческа која изведува настава во одделенска настава во I - V одделение

-Германски јазик како втор странски јазик кој го изучуваат учениците од VI - IX одделение.

Наставата по германски јазик од VI - IX одделение ја изведува Катерина Најдеска

| Странски јазик | Англиски јазик | Германски јазик |
|---|---|---|
| **Паралелки** | 18 | 8 |
| **Број на ученици** | 226 | 102 |

### 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставата по Физичко и здравствено образование во I, III , IV и V одделение ја реализираше Елена Аслимовска, во II одделение Александра Алексиоска. Овие наставници наставата ја реализираа во соработка со одделенските наставници од овие одделенија.

### 8.9 Изборна настава

Врз основа на добиените резултати од спроведената анкета на крајот на учебната 2023 - 2024 година во нашето училиште се реализираа следните изборите предмети:

| Изборен предмет | Наставник |
|---|---|
| - ОРИГАМИ<br>- ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ | Билјана Пулеска<br>Гордана Цаноска |
| - МАТЕМАТИЧКИ ИГРИ<br>- ПИНГ - ПОНГ | Елена Јорданов<br>Катерина Јаковческа |
| - РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ<br>- РЕЛИГИОЗНО КУЛТУРНО | Ивана Илиески Милошоски |

| | |
|---|---|
| НАСЛЕДСТВО | |
| - ВОСПИТУВАЊЕ ПРЕКУ ПАРАБОЛИТЕ, МУДРИТЕ ИЗРЕКИ И ПРИКАЗНИТЕ<br>- МОРАЛ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ | Јулијана Милеска |
| - ВОСПИТУВАЊЕ ПРЕКУ ПАРАБОЛИ И ПРИКАЗНИ ОД ХРИСТИЈАНСТВОТО, ЈУДАИЗМОТ И МУСЛИМАНСТВОТО<br>- МОРАЛ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ | Јулијана Милеска |
| - ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | Јулијана Милеска |
| - ПРОГРАМИРАЊЕ | Дубравка Серќиќ |

**8.10. Дополнителна настава**

Дополнителната настава во учебната 2024/2025 година, се реализираше за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, ученици кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините.

Овој вид настава имаше за цел да се дополнат празнините во знаењата кај учениците, кои било од кои причини заостануваат во совладувањето на наставните содржини. Секој наставник изработи програма за работа и распоред за часовите за дополнителна настава. Родителите беа известени дека нивните деца ќе следат дополнителна настава и притоа ќе бидат запознаени со целите на истата.

**8.11 Додатна настава**

Додатна настава се реализираше за учениците од нашето училиште кои поседуваат одреден талент или дарба во некоја област, потоа ученици со повисоки интелектуални способности и поголем интерес за учење. За нив училиштето и оваа учебна година ќе организира додатна настава. Во паралелките од II до IX одделение ќе се реализираше по 1 час неделно односно 36 часа годишно додатна настава по паралелка.

Додатната настава се реализираше по следните предмети:

***- во одделенска настава:***

- I одделение по македонски јазик, математика (реализтори Марија Петроска и Мирјана Крлеска)
- III одделение по математика (реализатори  Ирена Јанковска и Наташа Калајџиеска)
-IV по македонски јазик, математика (реализатори  Биљана Пулеска и Гордана Цановска)
- V одделение по математика, македонски јазик и англиски јазик (Елена Јорданов, Катерина Јаковческа  и Јана Бојческа + Кристина Кркачоска)

***-во предметна настава:***

- VI одделенеие

МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ (реализатор Оливера Петкоска)

ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК (реализатор Катерина Најдеска)

- VII одделение

ИНФОРМАТИКА (реализатор Дубравка Серших́),

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (Роза Китрозоска),

МАТЕМАТИКА (реализатор Катерина Бошкоска)

БИОЛОГИЈА (реализатор Маја Попоска)

ИСТОРИЈА (реализатор Петар Антонов)

ГЕОГРАФИЈА (реализатор Зоран Станкоски)

- IX одделение

АНГЛИСКИ ЈАЗИК  (реализатор Марија Мицеска)

ФИЗИКА - реализатор (Јадранка Китаноска)

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (реализатор Снежана Стојаноска)

Активностите се изведуваа на посебни часови, на редовните часови по соодветните предмети и низ проекти. Активностите и бројот на ученици кои ќе следат додатна настава се евидентирани во посебни обрасци изготвени од страна на БРО. На крајот на учебната година се заверени со архивски број евидентиран во електронските дневници.

**8.12. Работа со надарени и талентирани ученици**

Реализираните содржини од акциониот план за работа со надарени и талентирани ученици. Планираните активности на Тимот за работа со надарени и талентирани ученици беа реализирани во целост.

Надарените и талентирани ученици имаа можност да учествуваат на натпревари на ниво на училиште и на ниво на Општина.

**8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби**

**Училиштен инклузивен тим**

-Љубица Ангелоска Кркачоска - директор

-Кети Маркоска - психолог

-Гордана Цановска - одделенски наставник

-Билјана Билбилоска Тодороска - одделенски наставник

-Петар Антонов - предметен наставник

-родител на ученикот со потешкотии во учењето

Во оваа учебна година, за еден ученик беше обезбеден 1 образовен асистент. Истиот наставата ја следеше според индивидуална програма со поддршка од аситентот и одделенскиот раководител и дополнителна поддршка од училишниот психолог.

**8.14. Туторска поддршка на учениците**

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште немаме назначен образовен медијатор

## 9. Извештај за Воннаставни активности

Воннаставната воспитно - образовна дејност во училиштето се организира со цел да се задоволат посебните интереси и склоности на учениците од одредени научни области, да се воспостави подобра соработка со родителите и локалната средина, како и да се афирмира училиштето во локалната средина и пошироко. Ова подрачје од дејноста на училиштето има широка основа во поглед на неговата содржина и богатството на форми и начини на вклучување и ангажирање на учениците од сите возрасти во училиштето. Според тоа добро организираната воннаставна активност во училиштето има суштинско место во воспитно - образовниот процес.

Во текот на оваа учебна година се организираа и реализираа разновидни воннаставни дејности и активности, а на крајот на учебната година ученикот доби додаток на свидетелство во кое ќе се оцени неговата ангажираност во воннаставните активности.

Воннаставните активности се водеа од следните принципи:

-Придонес за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците

-Инклузивност и недискриминативност

-Привлечност за повеќето ученици

-Активно учество на учениците

-Развој на интеркултурни компетенции кај учениците

-Соработка со родителите и локалната заедница

### 9.1 Училишни спортски клубови

Во нашето училиште нема формирано училишни спортски клубови.

### 9.2 Секции/ клубови

Учениците по сопствен избор , а во согласност со наставникот по ФЗО Никола Вретоски членуваат во спортска секција и во текот на годината учествуваaa на општински спортски натпревари во фудбал, атлетика, кошарка , пинг-понг и шах.

### 9.3 Акции

Ќе се реализираат чести акции за уредување на дворот и наводнување на засадените дрвца и цвеќиња, а активности од еколошки карактер ќе се реализираат и на 21 Март денот на екологијата. Ќе се организираат и собирни акции на прехрамбени продукти по повод одбележувањето на „Денот на гладните лица“ - 16 Октомври, собирни акции на парични средстава за донации за лекување на заболени деца  или за помош на деца од социјално ранлива категорија и др.Ликовната секција и одговорниот наставник ќе работаат на доуредување на потпорниот ѕид во училишниот двор со цртежи со што ќе се комплетира неговиот колоритен изглед. Ќе се организира Новогодишен базар во соработка со родителите и учениците

Ќе се реализираат и  други акции кои ќе произлезат во текот на годината, а најчесто се од еколошки или хуманитарен карактер.

За сите горенаведени активности ќе биде вклучен наставниот кадар, помошно-техничкиот персонал, одговорните наставници на ПЦК, Детска организација и одговорниот наставник на ученичкиот парламент. Сите активности ќе ги координира директорот на училиштето.

## 10. Ученичко организирање и учество -

ЗАЕДНИЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Учениците во училиштето се организираат во ученички заедници, со цел заземање ставови за сите позначајни прашања поврзани со животот и работата

во училиштето. Училишната заедница се организира на ниво на паралелки и работи под раководство на одделенските раководители, а на ниво на училиште учениците се организирани во ученички парламент кој работи под раководство на одговорен наставник.

И оваа учебна година одговорен наставник на ученичкиот парламент е наставничката по македонски јазик Снежана Стојаноска.Вкупниот број на членови на одборот на ученичкиот парламент е 18.За одржаните состаноци се водат записници од страна на ученик записничар.

Претставници на ученичкиот парламент присуствуваат на состаноците на Училишниот одбор , на состаноците на Совет на родители и наставнички совет ,претставувајќи ги правата на учениците ,но без право на гласање при донесување на одлуки.Во училиштето од страна на учениците од предметна настава е избран и ученички правобранител, кој ќе ги застапува интересите на учениците и ќе се залага за доследна примена на правата на учениците во училиштето. Претседател на ученичкиот парламент е ученичката Ана Калачоска ученичка од IX а одделение. Ученички правобранител е ученичката Јована Буџакоска од VIII б одделение. Во тековната година се реализираат сите предвидени активности според програмата.

## 11.Вонучилишни активности

### 11.1.Екскурзии

Согласно Годишната програма за изведување на екскурзии, излети и други воннаставни активности во нашето училиште беа реализирани следните екскурзии, излети и настава во природа:

**- Еднодневен есенски излет:**

I и II одделение до блиската околина до месноста Св. Петка,а учениците од III - IXодделение до излетничкото место во близина на с. Калишта Струга

**- Еднодневен пролетен излет,**

I и II одделение до месноста „Руса Среда ",

III до IX одделение до преспанското село Курбиново и посета на манастирот Свети Ѓорѓи

-Еднодневна екскурзија во Битола и возење со воз до Прилеп за ученици од III одделение

-Дводневна екскурзија за – ученици од VI одделение

-Тридневна екскурзија за ученици од IX одделение

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности

**-**вклучени во музичко училиште

-вклучени во спортски клубови

-вклучени во фолклорни друштва

## 12.Натпревари за учениците

| Предмет | Име и презиме на ученикот и менторот | Освоени награди |
|---|---|---|
| Англиски јазик | *Јована Буџакоска*<br>Ментор: Марија Мицеска | 3 место (регионален) |
| Англиски јазик | *Јана Буџакоска*<br>Ментор: Марија Мицеска | 3 место (државен) |
| Природни науки | *Славчо Шапкароски*<br>*Ментор: Гордана Цаноска* | 2 место (регионален) |

| | | |
|---|---|---|
| Англиски јазик | *Ели Блажеска*<br>Ментор: Кристина Кркачоска | 3 место (регионален) |
| Англиски јазик<br><br>Географија<br><br>Математика | *Михаил Шапкароски*<br>*Ментор: Марија Мицеска*<br><br>*Ментор: Зоран Станкоски*<br><br>*Ментор: Катерина Бошкоска* | 3 место (државен)<br><br>2 место (регионален)<br><br>2 место (регионален) |
| Македонски јазик - литературен конкурс | *Јана Билбилоска*<br>Ментор:<br>Роза Китрозоска | 1 место (државен) |
| Биологија | *Матеја Бошкоска*<br>Ментор: Маја Попоска | 3 место (регионален) |
| Биологија | Надица Ристеска<br>Ментор: Маја Попоска | 2 место (регионален) |
| Музичко образование - соло пеење | *Софија Калачоска*<br>*Ментор: Оливера Петкоска* | 1место (државен) |
| Географија | *Александар Балоски*<br>Ментор: Зоран Станкоски | 2 место (регионален) |

- Во текот на минатата учебна година, учениците од прво до петто одделение беа тестирани од страна на училишниот психолог, а врз основа на постигнатите резултати беше избран ученикот со најмногу поени. Во некои одделенија имаше ученици со ист број поени, па тие го делеа првото место. Резултатите се следни:

| **Резултати од училишен натпревар** | |
|---|---|
| *Целна група / Предмет* | *Највисоки поени* |
| I одделение - Математика | Димитриј Балоски<br>Јана Аслимовска<br>Мила Ничоска |

| | |
|---|---|
| II одделение - Македонски јазик | Миа Папаров |
| III одделение - Македонски јазик | Бисера Танческа |
| IV одделение - Историја и општество | Сара Речкоска |
| V одделение - Природни науки | Јана Милеска<br>Јована Ническа |

**13.Унапредување на Мултикултурализам**

И оваа учебна година, нашето училиште продолжи со реализиција на мулти-културно учење и притоа на учениците им овозможи да развијат почитување, како на сопствената култура, така и на културите на другите етнички заедници што живеат во РСМ. Учениците се учат на толеранција, почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество. Овие активности придонесуваат да се развиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување и прифаќање на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобрува и соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието во учебната 2024/2025 година се спроведуваше првенствено преку самостојни краткотрајни и подолготрајни активности од општ карактер предложени и поттикнати од самите ученици, преку редовната настава, мултикултурни работилници и ОЖВ работилници. Планирањето за спроведување на вакви активности беше индивидуално за секој наставник, а темите беа во интеграција со наставните предмети.

Тимот за меѓуетничка интеграција го сочинуваат: Љубица Ангелоска Кркачоска-директор, Кети Маркоска - психолог, Катерина Бошкоска наставник од прдметна настава, Марија Мицеска наставник од предметна настава Јана Бојческа и Ирена Богеска наставнички во одделенска настава. Одговорна на тимот е Јана Бојческа. Освен на редовните часови и на часот на одделенската заедница мултикултурализмот кај учениците ќе се развива и преку соработката со партнер училиштето Фаик Коница од Доброште Тетовско и основно училиште од Србија во близина на градот Чачак.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училишт

Во ООУ „Живко Чинго“ Велгошти и оваа учебна година ќе се продолжи со имплементацијата на проектите: Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем, Заедничка грижа со родителите за правилно насочување на учениците , Меѓуетничка интеграција во образованието и проектот Развивање на демократска клима во училиштето.За овој проект училиштето ќе организира „ОТВОРЕН ДЕН “ кој ќе се реализира во месец Ноември. Тој ден по иницијатива на учениците од ученичкиот парламент и еколошката секција на училиштето ќе се организира еколошка акција за уредување на просторот околу училиштето, а ќе се уредува и потпорниот ѕид во училишниот двор со цртежи кои ќе ги изработат членовите на ликовната секција со одговорниот наставник по ликовно образование. Исто така одделенските наставници од II - V –одделение ќе се вклучат во одбележување на светскиот ден на детето , ќе реализираат работилници на тема „Правата на децата.“Активностите од останатите проекти ќе се реализираат на часовите од редовна настава, на часот на одделенската заедница и на часовите на воннаставните активности и на отворениот ден за демократија. Проектот за заедничка грижа за правилно насочување на учениците ќе се реализира со организирање на заеднички активности на учениците , наставниците и родителите како што се Новогодишен базар, Велигденски базар, отворени родителски средби, заедничка посета на културно- забавни манифестации и сл.

## ПРОЕКТ:„ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ“

Целта на овој проект е развивање на еколошка свест кај учениците за чување на животната средина.Во задолжителните предмети како и на часот на ученичката заедница се планирани и се реализираат наставни содржини со кои се подигнува свеста кај учениците за чување на животната средина.За потребите на училиштето набавени се уште 2 контејнери за селекција на пластика и хартија.Во изминатата година се насадија зимзелени и грмушести растенија во кругот на училиштето а се насадија и дрвца во просторот околу

спортската сала –донирани од општина Охрид. Во оваа учебна година ќе се настојува да се засади цвеќе во паркот пред зградата(во соработка со советот на родители)и да се одржуваат засадените дрвца од минатата учебна година. Формиран е и еко одбор , а координатор на овој училишен проект е наставничката Ирена Јанковска. На покривот на училишната зграда поставени се фотоволтаични плочи со кои имаме значителна заштеда на потрошувачката на електрична енергија во училиштето.

| **Име на проектот** |
|---|
| „Мултиетничка интеграција во образованието |
| „Интеграција на заштита на животната средина во воспитно-образовниот процес“ |
| „Бесплатни учебници“ |
| „Продолжен престој на учениците“ |
| Проект во соработка со хидробиолошки завод |
| Превенција на конфликти и насилно однесување во училиштето |
| Проект за антикорупциска едукација во училиштето |
| Училиште на 21 век |
| Проект-Вело училиште |
| Етвининг проект |

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

**Постигнувања, редовност и поведение на учениците**

**I одделение**

- Во учебната 2024/2025 година учат вкупно 31 ученик од кои 19 момчиња, 12

девојчиња распределени во две паралелки.

Ia - 16, (10 машки, 6 женски)

Iб - 15, (9 машки, 6 женски)

Сите ученици се описно оценети.

**I ниво - 22**,

**II ниво - 7**,

**III ниво - 1 ученик** и

**1 ученик со ПОП**, со истиот работи по Индивидуален образовен план и ги постигнува очекувањата од истиот и има обрзавен асистент.

*Нема изостаноци на крајот од учебната 2024/2025 година во прво одделение.

**II одделение**

- Во учебната 2024/2025година учат вкупно 16 ученици од кои 7 момчиња, 9 девојчиња распределени во две паралелки.

IIa - 8, (3 момчиња и 5 девојчиња)

IIб- 8, (4 момчиња и 4 девојчиња)

Сите ученици се описно оценети.

**I ниво - 12,**

**II ниво - 4 ученици**

**III ниво - /**

*Нема изостаноци на крајот од учебната 2024/2025 година во прво одделение.

**III одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат вкупно 26 ученици од кои 12 момчиња, 14 девојчиња распределени во две паралелки.

IIIa - 13, 5 момчиња и 8 девојчиња

IIIб - 13, 7 момчиња и 6 девојчиња

Сите ученици се описно оценети.

I ниво - 16,

II ниво - 10 ученици.

И во овој наставен период нема направени изостаноци и во третто одделение.

**IV одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат вкупно 28 ученика од кои 18 момчиња, 10 девојчиња распределени во две паралелки.

IVа - 14, 8 момчиња и 6 девојчиња

IVб - 14, 10 момчиња и 4 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во IV одделение е **4,37**

**V одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат вкупно 24 ученика од кои 14 момчиња, 10 девојчиња распределени во две паралелки.

Vа - 12, 7 момчиња и 5 девојчиња

Vб - 12, 7 момчиња и 5 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во V одделение е **4,18**

**VI одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат вкупно 23 ученика од кои 12 момчиња, 11 девојчиња распределени во две паралелки.

VIа - 13, 6 момчиња и 7 девојчиња

VIб - 10, 6 момчиња и 4 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во VI одделение е **4,21**

**VII одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат 26 ученици од кои 14 момчињаи 12 девојчиња.

VIIа - 13, 7 момчиња и 6 девојчиња

VIIб - 14, 7 момчиња и 6 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во VII одд. е **3.95**

**VIII одделение**

Во учебната 2024/2025 година учат 27 ученици, од кои 14 момчиња и 13 девојчиња.

VIIIа - 14, 7 момчиња и 7 девојчиња

VIIIб - 13, 7 момчиња и 6 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во VIII одд. е **4,0**

**IX одделение**

Во деветто учебната 2024/2025 година учат 26 ученици, од кои 10 момчиња и 16 девојчиња.

IXа - 13, 4 момчиња и 9 девојчиња

IXб - 13, 6 момчиња и 7 девојчиња

Средниот успех на ниво на училиште во IX одделение е **4,56**

**Рангирани според успехот**

| | |
|---|---|
| IX | 4,36 |
| IV | 4,25 |
| VIII | 4,23 |
| VI | 4,21 |
| VII | 3,99 |
| V | 3,98 |

**Изостаноци на крајот од учебната 2024/2025 година**

Вкупниот број на изостаноци во овој период во учебната 2024/2025 година изнесува 931 изостанок или по 2 изостаноци по ученик.

Вкупниот број на оправдани изостаноци во првото полугодие во учебната 2024/2025 година изнесува 917 изостаноци или по 2 изостаноци по ученик.

Вкупниот број на неоправдани изостаноци во првото полугодие во учебната 2024/2025 година изнесува 14 изостаноци и по 0,3 изостаноци по ученик.

Најмногу изостаноци имаат учениците од V/2 одделение 699 изостанок или по 58 изостанци по ученик.

*225 ученици на крајот од учебната 2024/2025 година имаа примерно поведението, само една ученичка незадоволително.

**Вкупен просек на постигнатиот успех на учениците во учебната 2023/2024 година, и споредбена анализа на успехот со минатата учебна година 2024/2025 година**

| Учебна 2023/24 | | | Учебна 2024/25 | |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Просек** | | **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | **4,25** | | **IV** | **4,19** |
| **V** | **3,98** | | **V** | **4,45** |
| **VI** | **4,21** | | **VI** | **4,09** |
| **VII** | **3,99** | | **VII** | **4,19** |
| **VIII** | **4,23** | | **VIII** | **4,29** |
| **IX** | **4,36** | | **IX** | **4,17** |
| **Вкупно** | **4,16** | | **Вкупно** | **4,25** |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии и можности за стручно образование, со цел да се поттикнат за избор на идната професија.

Училиштето планираше и превземаше конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, при што учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на професионалната ориентација.

Во второто полугодие голем дел од средните училишта од градот Охрид извршија промоции на училиштата и насоките и струките што ги нудат на учениците. Тоа им помогна на учениците во избор на училиште каде ќе го продолжат своето понатамошно образование. Освен и оваа учебна година од страна на психологот се извршија активности во училиштето за професионално информирање и ориентирање на учениците од IX одделение. Односно, психологот примени прашалник за утврдување на професионалните интереси на учениците и анкета за испитување на професионалната желба кај учениците. Активностите од ова подрачје се реализираа во периодот февруари – јуни 2025 година.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Целокупниот воспитно образовен кадар на чело со директорот на училиштето во текот на целата учебна година се грижеа за заштита од насилство, запуштање, дискриминација на учениците. Се обработуваат теми и работилници на одделенските часови во рамки на програмата „Образование за животни вештини“, работилници реализираше и психологот, а се однесуваат на развивање толеранција и меѓусебно почитување на учениците, чување и унапредување на физичкото и менталното здравје. Редовно се вршеше советодавна работа со ученици и родители од страна на училишниот психолог и директорот н училиштето, се реализираа родителски средби општи и индувидуални на кои се третираат прашања од оваа област. Во разрешување на проблеми со кои училиштето не можеше да се справи, односно немаше

надлежност се соработуваше со МВР и Центарот за социјална работа Охрид. Училиштето настојува максимално да се почитуваат правата на децата, право на еднаквост на сите ученици, без присуство на дискриминација. Училиштето има изработено програма за спречување на насилство во училиштето и истата е анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.

## 16.Оценување

### 16.1.Видови на оценување и календар на оценувањето

Учениците континуирано во текот на целата учебна година се следат и се оценуваат.Се оценуваат нивните знаења, вештини и умеења како и нивното поведение. Во текот на целата учебна година учениците се оценуваат дијагностички и формативно, а на полугодие и на крај на учебна година сумативно.Учениците од I – IIIодделение во текот на целата година се оценуваат описно, учениците од IV-VI одделение во Iот и III от наставен период и на полугодие се оценуваат описно, а на крај на учебна година бројчано. Учениците од VII – IX одделение во текот на целата година се оценуваат бројчано.Сите ученици 4 пати годишно(во ноември, јануари, април и јуни ) добиваат оценки - описни или бројчани во евидентни листови, односно свидетелство.Родителите се известуваат за успехот, поведението и редовноста на учениците на редовните родителски средби, на индувидуалните средби со одделенските раководители и преку увидот во електронскиот дневник.

Во анализата на воспитно-образовните резултати на учениците учествуваат одделенските раководители и училишниот психолог која прави квартални извештаи за воспитно-образовните резултати на учениците и истите ги презентира на наставничките совети. Исто така психологот воспитно-образовните резултати во вид на ранг листи ќе ги истакнува на огласна табла во училишниот хол со цел мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати и информирање на локалната средина за постигнатите воспитно-образовни резултати (резултати по паралелки и предмети.)

-Работата на воспитно образовниот кадар е следена од директорот на училиштето, советници од Бирото за развој на образованието и просветни

инспектори,ангажирани од МОН.Заучениците кои од различни причини се упатени да полагаат одделенски испит , училиштето за секој наставен предмет формира комисија составена од 3 члена.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето има формирано тим за следење, анализа на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Го сочинуваат директорот психологот и претседателите на стручните активи. Тие им даваат целосна подршка на наставниците иноватори,и креатори на квалитетно оценување, а подршка и помош на наставниците кои покажале слаби резултати во работењето, изразени преку голем број на слаби оценки по предметот-те што ги предава.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето и психологот во текот на годината ќе реализираат минимум две посети на часови кај секој наставник, а по искажана потреба и повеќе во текот на учебната година. Посетите на час се најавени и ќе се реализираат во декември 2024 и февруари 2025 година

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на работата на училиштето се врши на секои 2 години. Во оваа учебна година не се изврши самоевалуација на работата на училиштето. Слабите страни кои произлегоа од самоевалуацијата ќе бидат приоритетни задачи во годишната програма за наредната учебна година. Тимот за реализација на самоевалуацијата го сочинуваат: Директор, психолог наставниците: Ирена Богеска, Јана Бојческа, Елена Јорданов, Марија Мицеска, Дубравка Серишиќ и родител Даниела Шапкароска.

## 17. Безбедност во училиштето

Во учебната 2024/2025 год. училиштето реализираше повеќе активности со цел да се создадат услови за пријатен и безбеден престој на учениците. Таа одговорност ја имаа сите вработени во училиштето, директорот и наставниците. Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаа дежурните наставници кои беа определени со распоредот на наставните часови и дежурства.Дежурните наставници запишуваа извештај за случувањата за време на одморите за секој ден.Тие се грижеа за редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите, го означуваа почетокот и завршувањето на часовите. Во однос на безбедноста, во училиштето беше воведена и евиденција за надворешни лица. Во која се внесуваа сите личности со име и презиме кои влегуваа во училиштето.

- **Правилник за заштита од пожари** и **експлозии** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на евакуација.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.**
- **Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица** и **Куќен ред.**
- Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште - Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

- **Распоред на дежурства на наставниците** истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците.
- **Физичко обезбедување и видео надзор**
- Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Охрид, Центарот за социјални грижи.

## 18. Грижа за здравјето

### ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ И БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ

Предавање на темата *Болести на зависност* со ученици од предметна настава, со презентации во соработка со Црвен крст Охрид, МВР-сектор за борба против зависности се реализира декември, февруари

Предавање на темата ,,Превенција од заразни болести: сида, жолтица, туберкулоза, сезонски грип, корона", за учениците од I – IXодделение, предавачи - волонтери од Црвен крст, психолог и одделенски раководители.
*Според планот и програмата на Црвен крст – Охрид и планот за подрачјето.

Реализација на содржините од воннаставното подрачје „Грижа на училиштето за здравјето на учениците" со директорот, психологот, наставниците и родителите
*Според годишната програма за ова подрачје и според планот на Медицински центар

### 18.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето и спортската сала ангажирани се 4 лица хигиеничари.На ова прашање се посветува многу внимание и грижа истото да

биде на потребното ниво. Редовно секојдневно се одржува хигиена во сите простории во училиштето и салата, а особено внимание се посветува на хигиената на тоалетите. Се набавуваат и користат средстава за хигиена за дезинфекција.Од службата за јавно здравје редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории.Надзор на работата на ова подрачје врши директорот на училиштето.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи на учениците ќе се реализираат во соработка со Медицински центар Охрид. Ќе бидат опфатени учениците од I, III,V и VII одделение. Комуникацијата за термините за систематски прегледи со Медицински центар Охрид ја обавува училишниот психолог во соработка со одделенските раководители и родителите. Истите се реализираат во обратна смена од смената со настава на учениците се со цел да не се губат часови од настава.Учениците се придружувани од одделенските раководители.

### 18.3. Вакцинирање

Со редовни вакцини ќе бидат опфатени учениците од I и IX одделение, и други ученици кои од различни причини не биле навремено имунизирани.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Нашето училиште не поседува училишна кујна и учениците не добиваат оброк во училиште.Просторот кој беше наменет за исхрана на учениците закупен е од Министерството за труд и социјална политика со намена за детска градинка. Нашите ученици носат оброк од дома или купуваат од локалните продавници.
За консумирање здрава храна постојано се разговара и укажува на учениците и родителите низ наставниот процес и на родителските средби. Доколку се создадат услови би се организирало и предавање особено за учениците од предметна настава за значењето на здравата храна за здравјето на човекот и последици од консумирање на брза храна.

## 19.Училишна клима

### 19.1. Дисципина

Во учебната 2024/2025 година во училиштето сите субјекти во воспитно - образовниот процес и останатите вработени, тежнееја кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Нормативното уредување во училиштето се реализира преку имплементација на повеќето правилници и акти: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс на однесување на родителите, Правилник за педагошки мерки. Училиштето водеше посебна грижа за почитувањето на етичките кодекси од страна на сите структури и тоа: директорот, наставниците, родителите на учениците, службениците во институциите надлежни за Образованието на државно и на локално ниво.

За дисциплината на учениците за време на часовите одговорни беа одделенските и класните раководители и предметните наставници, за време на одморите за редот и дисциплината се грижеа дежурни наставници (во одделенска настава по 2 наставника, а во предметна настава по 3 наставници). Учениците се надгледуваат додека се движат низ училишните простории, холови и во училишниот двор. Се настојуваше дисциплината да биде на потребното ниво, а учениците да се чувствуваат безбедно во училиштето.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот

Во учебната 2024/2025 година во училиштето се водеше грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Во сите училници за ентериерот се грижеа наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Тимот кој што ќе се грижи за естетското уредување на училишните простории го сочинуваат Жанета Стаиќ, Ирена Богеска и Билјана Билбилоска Тодороска и претседателите на ученичките заедници односно членовите на Ученичкиот парламент. Се

украсија училниците со изработки од учениците, особено пред Новогодишните празници, а во холовите постојано се уредуваат изложби со детски цртежи. Изложба се организира и по повод 20 Март патрониот празник на училиштето. Во училиштето исто така се водеше грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини и поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година, преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

### 19.3.Етички кодекси

Етичките кодекси на однесување на ученици, вработени и родители се истакнати во училишните холови и училниците. Повремено истите се збогатуваат со нови барања кои ги наметнуваат актуелните состојби во училиштето.

### 19.4.Односи меѓу сите структури

Односите меѓу вработените се на завидно и посакувано ниво. Постои соработка и исполнување на обврските од страна на сите вработени.Потребно е само да се продолжи со исто темпо и насока истите односи да се унапредуваат.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Како и секоја учебна година се одржуваа обуки од акредитирани обучувачи и истите наставниот кадар ќе ги проследи пред почетокот на наредната учебна година. Исто така психологот и наставниците презентираа стручни теми на состаноците на стручните активи, а училиштето е претплатено на списанието Просветно дело.

### 20.2.Активности за професионален развој

Наставниците постојано превземаат активности за својот професионален развој. Тие на почетокот на учебната година испланираа различни активности за својот професионален развој кои ќе се реализираат преку организирање на

обуки, семинари, работилници за кои имаат потреба наставниците, и стручните соработници и изготвија акциони планови за истите.

### 20.3. Личен и професионален развој

Во училиштето се планираше и спроведуваше поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за ,,Професионален развој на наставниците во училиштето,“ како и следењата од страна на директорот и стручните соработници во училиштето преку посета на часови и доставениот педагошки картон. Врз основа на добиените повратни информации од извршената самоевалвацијата на училиштето, како и врз основа на извештаите од посетени часови, наставниот кадар, стручните соработници и директорот ги идентификуваа слабите и јаките компетенции преку скалата за самопроценка. Секој од нив изработи Личен план за професионален развој, така што компетенциите се имплементираа во Планирањата на стручните активи на училиштето.

### 20.4. Хоризонтално учење

Во училиштето овој вид на учење се реализира преку програмите на стручните активи кои се составен дел на годишната програма. Програмата содржи наслови на стручни теми, време на реализација и реализатори. Се разменуваат и споделуваат искуства од посетени семинари и обуки.

### 20.5.Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

1. Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
2. Професионалните стандарди за наставник-ментор
3. Професионалните стандарди за наставник-советник

Во рамките на кариерен развој во нашето училиште има еден наставник кој е избран за наставник - ментор. 2 наставника со звање „Магистер“ во своите области. За наредната учебна година не се пријавиле наставници за кариерно напредување, затоа и училиштето нема да изготви план за подршка.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во нашето училиште сите наставници имаат истакнато список со приемни денови за родителите на вратата од наставничката канцеларија. Родителите се вклучени во животот и работата на училиштето преку Советот на родители. Советот го сочинуваат 18 членови, односно по еден претставник од секоја паралелка.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите се активно вклучени во реализацијата на проектите кои постојат во училиштето, особено при организирање на посети, училишни базари, при реализација на ЕКО активности, активности од ПМИО. Исто така, родителите беа вклучени во подготовките на патрониот празник на училиштето, во собирни акции и сл.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е взаемна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираа предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и

слично. Но, од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично).

Родителите на учениците добиваат флаери и брошури во текот на учебната година со различни цели: запознавање со годишната програма, брошури со информации за професионална информација на нивните деца, брошури со препораки за унапредување на здравјето на децата

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население) Училиштето ја унапредува и продлабочува соработката со Општина Охрид. Претставниците во училишниот одбор од Општината присуствуваа на јавни настани кои ги реализираше училиштето, ја следеа дејноста на училиштето, учествуваа во работата на Училишниот одбор.

Училиштето соработува со сите релевантни институции кои допринесуваат за успешно спроведување на воспитно-образовната дејност.

Основното училиште како императив во работењето има зацртано соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, локалната заедница, соработката со основни и средни училишта, Домот на културата, Градската библиотека, НП Галичица, Хидробиолошки завод, Младински Центар- Охрид, Касарна ХАБ, СЛОУ ФУД, локални ТВ и радио станици и интернет портали, Биро за вработување, Центар за социјални грижи, Медицински центар, институции задолжени за безбедноста на учениците и други компетентни институции.

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и натпревари од забавно спортски

карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

ООУ „Живко Чинго“ е училиште кое има јасна определба за соработка со јавноста и за промоција не само во рамките на локалната средина, туку и пошироко.

-Транспарентност во информирањето

Информирање на пошироката јавност за:
-Постигнатите резултати во наставата и успехот на учениците
-Активностите што се преземаат за унапредување на здравјето на учениците
-Реализирањето на проекти,
-Резултати од извршени испитувања

Информирани субјекти и  инструменти на информирање:
-Министерство за образование и наука
-Биро за развој на образовани
-Локална самоуправа
-Стручни тела на училиштето
-Училиштен одбор
-Совет на родители
- Родителски средби,
-Пошироката локална заедница
-Училиштен весник „Мугри“
-Локалните радио и ТВ станици

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| **Приоритетни задачи за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно лице** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Реализација на сите видови настава<br><br>Имплементација на новата наставна програма од I- VI одделение | Увид врз годишните, неделните и дневните планирања на наставниците, посета на часови,увид во водењето на педагошката евиденција и документација (во текот на целата учебна година) | Директор, психолог,<br><br>Одделенски раководители | Општина Охрид- сектор за образование надлежен просветен инспектор за училиштето |
| Реализација на стратешките цели и задачи | Преку изготвените квартални извештаи за работата на училиштето | директор | Општина Охрид-сектор за образование, надлежен просветен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (образовни и финансиски) | | инспектор за училиштето |

**24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште**

Во текот на учебната 2024/2025 година, училиштето ги реализира и спроведе планираните активности, а воедно и вршеше следење и евалуација на акциските планови до крајот на учебната година. Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу тимовите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку организирање состаноци на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец.

**25. Заклучок**

Ние како образовна установа целиме кон почитување на соработката, отвореноста, одговорноста и ориентираноста кон иднината. Нашиот досегашен успех е резултат на квалитетна работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата и преку активно вклучување на сите субјекти. Во нашето училиште посебен акцент се става кон учество во проектни и воннаставни активности кои се во насока на унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и почитување на различностите. Во таа насока остануваме транспаретни во работењето и отворени за соработката со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности. Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата, како и преку работа и

учење едни со други со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена. Раководниот кадар води сметка за транспарентно, контролирано и добро спроведувано финансиско работење. Се води евиденција за постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби. На учениците секогаш им се отвораат можности да направат избор за учество во воннаставни и проектни активности, секции, спортски клубови и сл. според своите желби и можности и постојано се поттикнуваат за учество на натпревари. Голема е посветеноста на наставниците кон талентираните и надарените ученици, како и кон оние на кои им е потребна дополнителна помош преку организиран план за посета на дополнителна настава.

Особено нѐ радува квалитетната и продуктивна соработка со родителите, а преку сите активности спроведени во и вон училиштето успеваме успешно да се промовираме во јавноста преку различни електронски и печатени медиуми. Вниманието беше насочено кон тоа: како учениците ги применуваат стекнатите знаења и вештини во реални животни ситуации преку користење на современи наставни средства и материјали, поттикнување за учество во воннаставни активности, проекти, натпревари, учење по пат на решавање проблеми, истражување, креативност, одговорност, критичко размислување, развивање емпатичност, мултикултурализам и соработка. Констатираме дека планираните активности во учебната 2024/2025 г. во голема мера се реализираа според Годишната програма.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1 - Извештај од работата на директорот

**<u>Годишен извештај за работата на директорот во учебната 2024/2025 год.</u>**

Директорот своите активности ги реализира согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето преку организиција и раководење со училиштето, со акцент на воспитно- образовната работа на училиштето и преку самостојно донесување одлуки во рамки на законската надлежност и демократските принципи.

Активностите од страна на директорот, планомерно и програмски се реализираа согласно надлежностите и функциите утврдени од одредбите на законската регулатива од областа на образованието, работните односи, финансиското работење, колективни договори во доменот на педагошко-инструктивната и административно-организациската работа.

Во рамките на педагошко инструктивната работа, директорот подготвува и предлага Годишна програма за работа за учебната година, која што во континуитет се следи, оценува и проценува и врз кое следење се преземаат мерки за квантитет и квалитет во реализацијата.

Се организира воспитно- образовниот процес преку распределбата на наставниот кадар по наставни предмети и други задолженија, работата на стручните тела, комисии и стручни активи.

Во текот на учебната година, директорот раководеше со Одделенскиот и Наставничкиот совет. Присутен е во работата на стручните тела училиштето.

Континуирано, од страна на директорот се следи и анализира успехот и постигнувањето на учениците, реализацијата на наставните планови и програми,

реализацијата на програмската насоченост на стручните активи и се врши проценка на влијанието и ефектуираноста врз постигнувањата на учениците и квалитетот на воспитно образовниот процес.

Во текот на учебната 2024/2025 година, во реализацијата на програмските задолженија од страна на директорот, континуирано е практикуван аналитичкиот пристап за успехот и постигнувањата во воспитно- образовниот процес врз реализацијата на Годишната програма.

Континуирано соработува со наставниот кадар во функција на стручно и педагошко оспособување и усовршување, како и во функција на унапредување на наставно- воспитниот процес. Во рамките на своите надлежности директорот врши и посета на часови со планирани и зацртани цели.

Како активност треба да се напомене вклучувањето на учениците во разни активности, следењето на нивниот напредок и постигања, ставови, тешкотии, кризи, разрешување на конфликтни состојби. Се организираа активности со нашето збратимено училиште ОШ,, ВЛАДИСЛАВ ПЕТКОВИЧ ДИС,,с. Заблаче, Чачак. Целта на активностите беше учениците да се мотивараат во наставно образовниот процес од страна на двете училишта, дружење и размена на искуства. Во сите активности беа вклучени учениците, врботените, родителите. Во нашето училиште беа три денови каде учениците си разменија искуства од училиштата се одржаа заеднички часови. Се нагласи дека соработката ќе продолжи помеѓу двете училишта.

Во рамките на административно организациската дејност, директорот континуирано ја организира и координира работата на сите субјекти и дејности во училиштето; материјалните ресурси на училиштето, кадровски и финансиски потреби во училиштето, избор и распоредување на наставен и административно-технички кадар.

Директорот врши надзор над административно- финансиското работење, изготвува статистички податоци, анализи, извештаи.

Поднесува извештај за реализацијата на Годишната програма, успехот на учениците и материјалното работење на училиштето.

Соработува со Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Локалната самоуправа, локалната заедница, стручните служби, стручни и научни институции, родителите, невладини организации и други релевантни инстанци.

Во рамките на професионалниот развој, учествуваше на семинари и обуки организирани од страна на Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и други релевантни институции.

Во текот на учебната 2024/2025 година директорот на училиштето го планираше, организираше и проценуваше воспитно– образовниот процес.

| **Подрачје на работа: Административно- организациска работа** | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **Задачи** | **Активности** | **Цели** | **Време на** |

| | | | **реалзиација** |
|---|---|---|---|
| **Создавање услови за работа во училиштето** | Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година | Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година | VIII, IX. 2024 |
| | Кадровски прашања | | |
| | Подготовки за прием на ученици на прв училиштен ден | Успешен прием на првачињата на прв училиштен ден | VIII, IX. 2024 |
| | Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во училиштето | Модернизирање на просторот и опремата | Цела учебна година |
| **Организација на воспитно образовната работа** | Формирање на одделенија и паралелки | Организација на воспитно образовната работа за учебна 2023/2024 година | VIII, IX. 2024 |
| | Распределба на часови и задолженија | | |
| | Утврдување на бројна состојба на ученици | | |
| | Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | VII, VIII 2024 |
| | Собирање на сите програми и планирања од наставниците | | |
| | Формирање тим за поддршка за реализирање на настава од | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | далечина | | |
| | Организација на настава од далечина | | |
| | Изготвуваме распоред на часови | | |
| | Распределба на задачи и задолженија за Тимови, стручни активи и комисии | Организација на воспитно образовната работа | Цела учебна година |
| **Материјално-финансиско работење на училиштето** | Организација на пописи, пресметки, изработка на завршна сметка, реализација на финансов план | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Цела учебна година |
| **Набавка на основни средства за работа** | Набавка на наставни средства, материјали за работа, средства за одржување на хигиената, опрема, мебел и др. | Осовременување на условите за работа | Цела учебна година |
| **Соработка со стручни органи и служби, БРО, ДПИ, ДИЦ, МОН, родители, институции** | Материјално-финансиски прашања, Кадровски прашања, Стручно усовршување, Воспитно-образовна работа | Осовременување на воспитно-образовната работа | Цела учебна година |
| **Соработка со локалната средина** | Соработка со Општина, Градоначалник, одговорни лица,советници, служби и сектори, Општински | Унапредување на работата на училиштето. Промоција за работата на училиштето во општината | Цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | просветен инспектор<br><br>Соработка со урбаните заедници<br>Соработка со училиштата и градинката во Општината<br>Соработка со организации, установи и фирми во Општината | | |
| **Соработка со меѓународни образовни институции** | Соработка со партнер училиштата<br><br>Соработка со меѓународни образовни институции | Унапредување на работата на училиштето.<br>Промоција за работата на училиштето во меѓународни рамки | Цела учебна година |
| **Увид и контрола на работата на технички и административен кадар** | Увиди и контрола на уреденост на Училишниот објект<br><br>Увиди и контрола на хигиената во училиштето<br><br>Контрола на безбедноста на објектите и опремата | Обезбедување оптимални услови за работа во училиштето | Цела учебна година |
| **Евиденција и документација** | Подготовки за седници<br><br>Контрола на педагошка евиденција и Документација<br><br>Контрола на е-дневник | Запазување на законитоста во работењето на училиштето<br>Унапредување на работењето на училиштето | Цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработка и донесување на нормативни акти, соопштенија, кодекси, одлуки | | |

| Подрачје на работа: Раководење и педагошко- инструктивна работа | | | |
|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Цели** | **Време на реализација** |
| **Концептирање и програмирање** | Концепирање на програмата согласно препораки од БРО и МОН, контрола на изготвуваното | Планирање и програмирање на целокупното работење на училиштето согласно законските акти. Унапредување на воспитно образовната работа на училиштето. | VII, VIII, IX. 2024 |
| | Изработка на Програма за работа на Директор | | |
| | Изработка на Годишна програма за работа на Наставничкиот совет | | |
| | Изработка на Годишна Програма за работа на Одделенските совети | | |
| | Изработка на календар за работа на училиштето | | |
| | Изготвуваме Програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа | | Цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработка на распоред за дежурства на наставниците | | |
| | Изготвуваме Програма за стручно и педагошко усовршување на воспитно-образовен кадар | | |
| | Анализа и вреднување на програмите на наставниците | | |
| | Изготвуваме Финансов план | | |
| | Соработка со Училиштен одбор, стручни органи, Стручни активи, Ученичка заедница | | |
| **Следење на организација и реализација на воспитно-образовната работа** | Увиди во подготовка и реализација на наставен час | Следење и унапредување на воспитнообразованата работа на училиштето.<br><br>Следење на реализација на приоритетите на училиштето. | Цела учебна година |
| | Следење на наставата од далечина | | |
| | Следење на примена на наставни форми и методи по посебен акцент на активна настава | | |
| | Контрола на користење на ИКТ | | |
| | Следење на работата на стручните органи и стручните активи | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Советодавна и консултативна работа | | |
| | Разрешување на проблеми | | |
| | Следење на оценувањето | | |
| **Стручно и педагошко усовршување на вработените** | Изготвување на програма за професионален развој на вработените | Професионален развој на вработените.<br><br>Осовременување на наставата.<br><br>Подобрување на постигањата на учениците. | Цела учебна година |
| | Советодавна работа и следење на напредокот на приправниците | | |
| | Соработка со научни и стручни установи на полето на стручно усовршување на вработените | | |
| | Организација на едукации, семинари, советувања, работилници, дискусии, дебати | | |
| | Соработка со родителите | | |
| | Следење на напредокот на учениците | | |
| | Анализа на напредокот на учениците | | |
| | Работа на проекти | | |
| **Соработка со наставен кадар и стручна служба** | Распоредување работни задачи | Раководење и организација на целокупната работа | Цела учебна година |
| | Планирања и подготовки на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Воспитно - образовната работа | | |
| | Анализа на постигнати резултати | | |
| **Соработка со стручните активи и стручните органи** | Планирање, програмирање, организација и раководење со Наставнички совет | Раководење и организација на работењето на училиштето. | Цела учебна година |
| | Увиди во работата, следење на реализација на програмите за работа и учество во работата на Одделенски совет, стручни активи, стручна служба, одделенски раководители | | |
| | Раководење со седниците на Одделенски и наставнички совет и имплементација на донесените одлуки и решенија | | |
| | Соработка со стручните активи и стручните органи за подобрување ба училишниот успех и унапредување на воспитно-образовната работа | | |
| | Организирање на Отворен ден на Граѓанското образование | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Соработка со родителите и со Совет на родители** | Соработка со родителите и нивно вклучување во реализација на Годишната програма на училиштето | Вклучување на родителите во целокупната работа на училиштето | Цела учебна година |
| | Вклучување на родителите во изработка на анализи и извештаи | | |
| | Реализација на Програма за советување на родители | | |
| | Планирање, организација и учество во реализација на родителски средби, нивни анализи | | |
| | Индивидуални средби со родители и советување на родители за надминување на утврдени проблеми со нивните деца | | |
| | Информирање на родителите за работата на училиштето, постигнувањата и сите прашања од дејноста на училиштето | | |
| | Конституирање на Совет на родители, запознавање на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | родителите со Куќен ред, закони, правила, нормативни акти | | |
| | Соработка со Совет на родители | | |
| **Соработка со Училиштен одбор** | Подготвување седници на Училиштен одбор | Ефикасно функционирање на Училишниот одбор. | Цела учебна година |
| | Формирање на нов училиштен одбор | | |
| | Присуство на седници и помош во работата на Училишниот одбор – само со покана од претседателот | | |
| | Подготвување извештаи, стручни материјали, текстови и анализи за потребите на Училиштен одбор | | |
| **Соработка со учениците и нивните организации** | Запознавање на учениците со работата на Ученичкиот парламент, помош во конституирање на организации | Ефикасно функционирање на Детскиот парламент. Вклучување на учениците во донесување одлуки и планирање на работата на училиштето. Подобрување на постигањата на учениците. | Цела учебна година |
| | Помош во планирање, програмирање и реализација на работата на Ученичкиот парламент | | |
| | Учество на состаноци на Ученичкиот парламент | | |
| | Следење на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работата на Ученичкиот парламент | | |
| | Координација на активностите со ученици со слаб успех, голен број изостаноци, девијантно поведение | | |
| | Помош во организација и реализација на културно забавен и спортски живот на учениците | | |
| | Организација на натпревари, организација на учество на ученици на конкурси, изложби, турнири и други настани | | |
| | Организација на соработка со ученици од други училишта и од партнер училиштата | | |
| | Организација на собирни акции, хуманитарни прилози, хепенинзи | | |

**Прилог 2 - Извештај од работата на психолог**

| **Подрачје** | **Активност** | **Време на реализација** | **Носител** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **I – Работа со ученици** Поддршка на учениците во учењето | Работилници за подобрување на емоционалната интелигенција | Март | Психолог | Појасно разбирање за емоционалната интелигенција |
| **I – Работа со ученици** Поддршка на учениците во учењето | Индивидуално и/или групно поучување на ученици со потешкотии во учењето | Континуирано | Психолог | Надминати потешкотии во учењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **I – Работа со ученици** Поддршка на учениците во учењето | Советодавна работа со ученици со проблеми во комуникацијата и однесувањето | Континуирано | Психолог | Подобрена комуникација и однесување |
| **I – Работа со ученици** Поддршка на учениците во учењето | Врши запишување на ученици и формирање на паралелки | Мај - Август | Психолог Одделенски раководители | Мотивирани ученици за поаѓање во училиште |
| **I – Работа со ученици** Следење и поддршка на развојот на учениците | Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство) Анксиозни однесувања | Континуирано | Психолог | Стручна по мош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите |
| **I – Работа со ученици** Следење и поддршка на развојот на учениците | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците. Работилници на тема: | Април, Континуирано | Психолог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **I – Работа со ученици** Следење и поддршка на развојот на учениците | Работилници на теми поврзани со физичкото и менталното здравје (зависности, асоцијално однесување, дискриминација сл.) на тема: | Март, Континуирано | Психолог | Надминати одредени здравствени состојби кај учениците и сочувана ментална хигиена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>I – Работа со ученици</u>** Следење и поддршка на развојот на учениците | Советување и следење на ранлива група ученици. Работилница на тема: јас и другите, сите сме исти, а сепак различни | Континуирано | Психолог | Успешна социјализација, емпатија и прифаќање на различностите |
| **<u>I – Работа со ученици</u>** Следење и поддршка на развојот на учениците | Работилница во II одделение | Мај | Психолог | Емпатија и различности |
| | | | | |
| **<u>I – Работа со ученици</u>** Професионална и кариерна ориентација на учениците | Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование или професија | Континуирано | Психолог | Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| **<u>I – Работа со ученици</u>** Професионална и кариерна ориентација на учениците | Работилница | Мај | Психолог | Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес | Стручна поддршка за планирање и реализација на наставниот процес | Континуирано | Психолог | Подобрен квалитет на наставата |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес | Давање насоки и стручна помош за документирање на постигањата на учениците (групни, индивидуални консултации) | Во текот на годината | Психолог | Правилно формативно следење и оценување на учениците |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес | Поддршка на наставниците во однос на нивниот професионален развој | | Психолог, Наставници, Директор | |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес | Советодавна помош и насоки на наставниците при изработка на нивниот личен план за професионален развој | Континуирано во текот на целата учебна година. | Психолог Директор | Совладан и добро изработен личен план на наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за работа со учениците | Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците) | Во текот на годината | Психолог | Подобрен квалитет на наставата |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за работа со учениците | Реализација на часови во одделенска настава и опсервација на ученици при замена на отсутен наставник | Континуирано | Психолог | Добро организиран а редовна настава |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за работа со учениците | Координација на работата во предметна настава како резултат на отсутен наставник | Континуирано | Психолог | Добро организиран а редовна настава |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за работа со родителите | Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | Во текот на годината | Психолог | Подобрена комуникациј а наставник-родител |
| **<u>II – Работа со наставници</u>** Поддршка на наставниците за работа со родителите | Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | Во текот на годината | Психолог | Активно вклучени родители во работата на училиштето |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III – Работа со родители** Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | Советувања со родители на ученици со потешкотии во учењето | Континуирано | Психолог | Подобрен успех и однесување на учениците |
| **III – Работа со родители** Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | Советувања со родители на ученици со несоодветно однесување | Континуирано | Психолог | Подобрен успех и однесување на учениците |
| **III – Работа со родители** Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | Реализирање стручни консултации и помош на родителите на учениците со ПОП | Континуиран о | Психолог | Информирани родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатени до релевантни институции за помош |
| **III – Работа со родители** Едукација на родители | Организирање групни и индивидуални средби за стручна помош и поддршка на родители | Континуиран о | Психолог | Едукација на родители за надминување на потешкотиите во учењето на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III – Работа со родители** Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето | Планирање и активно вклучување на родителите во воспитно - образовниот процес | Во текот на годината | Стручни соработници Наставници | Формирање групи од родители за различни области од работата на училиштето Активно вклучени родители во воспитно образовниот процес |
| | | | | |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со локалната заедница | Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и вонннаставни активности) | Континуирано | Психолог Наставници Родители | Продлабочување на соработката со Локалната зедница и сознанијата во одредени области |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со локалната заедница | Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | Континуирано | Психолог Наставници Родители | Унапредување на комуникација со Локалната заедница |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со локалната заедница | Соработување со Локалната заедница при справување со кризни ситуации (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и сл) | Континуиран о | Психолог Наставни ци Родители | Подигнувањ е на свест за хуманост |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со локалната заедница | Организир ање и реализира ње на превентив ни, хуманитар ни и културни активност и | Континуирано | Психолог | Активно вклучув ање во активно сти на локална та заедниц а |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со локалната заедница | Планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование | Континуиран о | Психолог Наставни ци Родители | Продлабочу вање на соработката со Локалната зедница за интеркултур но образовани е |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со стручните институции и организации | Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители за сопствената работа и земање предвид на | Континуиран о | Психолог Наставни ци | Разрешени одредени ситуации и проблеми<br><br>Подобрен успех за сопствената работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нивните препораки | | | |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со стручните институции и организации | Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем | континуирано во | Психолог Наставници | Разрешени одредени ситуации и проблеми |
| **IV – Соработка со заедницата** Соработка со стручните институции и организации | Соработка со стручни институции и организаии - ЦСР, Факултети, МВР, МКФ, ЗМЗ, МЦГО, МОН, БРО | континуирано во | Психолог Наставници | Подобрување на успехот и поведението на учениците, подобрен квалитет на наставата и работата на училиштето |
| | | | | |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** Личен професионален развој | Посета на семинари, обуки, работилници | Континуирано | Психолог | Унапредување на сопственото работење |
| **V – Професионален развој и професионална** | Внесување иновации во сопствената работа и вршење | Континуирано | Психолог | Подобрен квалитет на сопствената работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **соработка** Личен професионален развој | проценка на нивната ефективност | | | |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** Личен професионален развој | Примена во практиката на новините од струката | континуирано | Психолог | Подобрен квалитет на работата |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето | Прибирање податоци, анализирање на потребите за професионален развој на наставниците | Континуирано | Психолог | Увид во потребите за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето | Идентификување и предлагање теми за обука во училиштето | континуирано | Психолог | Поддршка и идентификување на потребите за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** | Следење на обуки во насока на професионалниот развој | континуирано | Психолог | Подобрување на професионалните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето | | | | компетенци и на стручните соработниц и |
| **V – Професионален развој и професионална соработка** Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето | Дисеминирање на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки | континуирано | Психолог Наставници | Унапредување на реализацијата на наставниот процес |
| **VI – Аналитичко-истражувачка работа** Анализа и проценка на воспитно-образовната работа | Изработка на извештаи | во текот на годината | Стручни соработници Наставници | Изработен годишен извештај на училиштето |
| **VI – Аналитичко-истражувачка работа** Анализа и проценка на воспитно-образовната работа | Анализа и проценка на воспитно образовната работа | во текот на годината | Психолог Педагог Наставници | Изработување самоевалуација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **VI – Аналитичко-истражувачка работа** Истражување на воспитно-образовната работа | Анализа и статистичка обработка на успехот и поведението на учениците | Прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје, крај на година | Психолог | Согледување и подобрување на состојбата |
| **VII – Училишна структура, организација и клима** Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација) | Следење наставни часови и предлагање мерки за подобрување | Континуирано | Психолог, директор | Квалитетна реализација на наставата |
| **VII – Училишна структура, организација и клима** Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација) | Организирање на работата во училиштето | во текот на годината | Стручни соработници Директор | Навремен и непречен тек на активностите во училиштето, подобрување на организацијата во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>VII – Училишна структура, организација и клима</u>** Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација) | Соработка со стручните органи и тела во училиштето | континуирано | Стручни соработници Наставници | Подобрување квалитетот на воспитнообразовниот процес |
| **<u>VII – Училишна структура, организација и клима</u>** Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација) | Водење евиденција за работата со учениците, наставниците и родителите | континуирано | Психолог Педагог | Документирање на спроведените активности со учениците, наставниците и родителите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>VII – Училишна структура, организација и клима</u>** Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација) | Учествуво во работата на инклузивниот тим во училиштето | Континуирано | Членови на инклузивен тим | Подобрена настава за учениците со ПОП |
| **<u>VII – Училишна структура, организација и клима</u>** Училишна клима, безбедна средина и демократско учење | Учество во работата со ученичката заедница, ученичките организации | континуирано | Психолог Наставници | Демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **<u>VII – Училишна структура, организација и клима</u>** Училишна клима, безбедна средина и демократско учење | Креирање на позитивна социоемоционална клима | континуирано | Психолог | Организирање предавања и работилници за создавање позитивна клима за работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **VII – Училишна структура, организација и клима** Училишна клима, безбедна средина и демократско учење | Идентификување и превенирање на случаите на дискриминација и нерамноправност во училиштето и превземање соодветна акција | континуирано | Психолог | Отстранување на секаков вид дискриминација и нерамноправност во училиштето |

**Прилог 3 - Извештај за работата на училшната библиотека**

**Август**
- За оваа учебна 2024/2025 година, одговорен наставник за училишната библиотека беше назначена наставничката Снежана Стојаноска. Таа ја подготви Програмата за работа на Библиотеката во консултација со наставничката Оливера Петкоска која има работни саати во Библиотеката и се направи распоред за реализирање на истата.

**Септември**
- На учениците од I и II одделение (кои немаат свој картон за самостојно позајмување на книги) им се изврши презентација на училишната библиотека. Останатите ученици од III до IX одделение беа потсетени за правата и обрските на користење на библиотечниот фонд, но и насочување кон читање и на слободна литература.
- Извршен е прием, распределба и евидентирање на учебниците, изготвени се записници за доделените учебници на учениците.
- На учениците им се обезбеди пригодна свеченост за влез во Детската организација.

**Октомври**
- Со ликовен и литературен конкурс одбележан е Светскиот ден на учителот 5 Октомври. Најуспешните творби беа изложени во холот на училиштето.
- Подготовка за набавка на нови книги (за дополнување на лектирниот фонд);
- Одбележување на меѓународниот ден на правата на детето;
- Присуство на библиотекарите на промоција на книгата „За Македонистиката отворено“ од Свето Стаменов и Димитар Пандев.
Збогатување со овој наслов на училишниот библиотечен фонд.

**Ноември**
- По повод јубилејот „ 80 години слободен Охрид“, во организација на општина Охрид се одржа свечена академија која беше пропратена со богата уметничка

програма и креативен сценски настап на кој учествуваа ученици од нашето училиште.

- Наши ученици од 8 и 9 одд. учествуваа на Литературен конкурс, во рамките на одбележувањето на Месецот на Книгата во организација на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид.
- Во рамките на одбележување на Месецот на книгата, ученици од предметна и одделенска настава беа во посета на НУ Библиотека „Григор Прличев“- Охрид кадешто се запознаа со работата на библиотеката, начинот на станување нивни корисник, одделенијата за стручна, детска и друг вид литература, работата на библиотекарот и слично.
- Во големата сала на општина Охрид се одржа промоција на третата по ред Збирка песни на поетот Славе Ѓорѓо Димоски. Учениците со своите менторки учествуваа на оваа манифестација.
- Учениците Леонид Јоноски од 8а одд. и Кристина Тодороска од 8а одд. учествуваа на доделувањието на наградите на 57. Детски Рацинови средби

**Декември**

- Учество на литературниот конкурс посветен на Свети Климент Охридски, Патрон на Охрид
-Преку чествувањата, се поттикнува будење на културните вредности и се оддава почит на Св. Климент Охридски.

**Февруари**

- Чествување на великанот Григор Прличев (Прличеви Беседи во спомен- куќата на Григор Прличев, на коишто се промовираше и книгата „Охридски поети“ редактирана од Славе Ѓорго Димоски и Димитар Пандев)
-Збогатување со овој наслов на училишниот библиотечен фонд
- Организирање на собирна акција меѓу наставниците и учениците на книги за потребите на библиотеката;

**Март**

- По повод 8 март беше распишан литературен и ликовен конкурс, а најуспешните творби беа изложени ви холот на училиштето.
- По повод патрониот празник во училиштето се расписа литературен и ликовен конкурс „ По стапките на нашите претци“. Најуспешните творби беа наградени и објавени во училишниот весник „ Пасквелија“.
- Патрониот празник не беше реализиран поради настанатата ситуација во Кочани.
- Во текот на месец Март беше организиран саем на книга во НУБ „Григор Прличев“- Охрид од страна на издавачката куќа „Сакам книги“ кој беше посетен и од ученици и од наставници од нашето училиште;
- Присуство на промоција на книга „Охридски писатели за деца и младинци“ од Димитар Пандев и Славе Ѓорго Димоски, во Големата сала на во Општина Охрид

**Април**

- Посета на Саемот на книгата во Скопје со цел негување љубов кон убавиот пишан збор и стекнување навики за читање на книги.
-Ученичката Јана Бимбилоска од 8а одд. учествуваше на Регионалниот натпревар „ Млади библиотекари“ и покажа солидни резултати.

**Мај**
- Извршена е нарачка на учебници за учебната 2025/2026 год.
- Изготвени се списоци за дополнување на потребните литературни изданија во библиотеката

**Јуни**
- Комисијата за примање и враќање учебници изготви записници за вратени учебници врз основа на записниците од одделенските раководители и е направен увид и раход на оштетените учебници.

**Прилог 4 - Извештај за работата на Советот на родители**

**Советот на родители**, составен од 18 членови – по еден родител од секоја паралелка од I до IX одделение, одржа вкупно **5 редовни седници** во текот на учебната година, според однапред утврдената програма. Преку активна вклученост, членовите на Советот дадоа значаен придонес во животот и работата на училиштето. Во продолжение следи преглед на реализираните активности по седници и датуми:

**1. Седница – 15.09.2024**
**Тема и реализирани активности:**
Усвоена **Програма за работа на Советот на родители** за учебната 2023/2024 година.

Извршено **распределување на работни задолженија** по членови.

Членовите беа информирани за **промените во воспитно-образовната дејност** за тековната година.

Дискусија и усвојување мерки за **организирање помош за ученици со материјални потешкотии**.

**2. Седница – 17.11.2024**

**Тема и реализирани активности:**

Членовите беа вклучени во **реализацијата на програми за вонаставна дејност**, здравствена заштита и соработка со локалната заедница.

Советот беше запознаен со **резултатите од I класификационен период**.

Поттикната беше соработка со **невладини организации** за подобрување на условите за работа во училиштето.

**3. Седница – 01.02.2025**

**Тема и реализирани активности:**

Разгледан беше **полугодишниот извештај за работа на училиштето**, со анализа на постигнатиот успех на учениците.

Дискутирано беше за вклученоста на родителите во **тековните училишни проекти** и дадени конкретни предлози за нивна поддршка.

**4. Седница – 12.04.2025**

**Тема и реализирани активности:**

Извршена **афирмација на ученици, наставници и училиштето** по повод празници и постигнати резултати.

Разгледан беше **успехот, дисциплината и редовноста** на учениците во III класификационен период.

Поддржани беа предлози за дополнителна мотивација на учениците.

**5. Седница – 19.04.2025**

**Дополнителна вонредна седница:**

Обсудени **одредени жалби и молби** од страна на родители и ученици.

Дискусија за реализација на проекти поврзани со **безбедноста и дисциплината во училиштето**.

Усогласување за учество на родителите во настани до крајот на учебната година.

**6. Седница – 17.07.2024**

**Тема и реализирани активности:**

Разгледан беше **Годишниот извештај за работа на училиштето**.

Претставена и анализирана **Годишната програма за работа на училиштето** за наредната година.

Направен е **осврт врз реализацијата на програмата на Советот на родители**, со идентификување на предизвици и препораки за подобрување на идната соработка и активности.

## Прилог 5 - Извештај од работата на училишниот одбор

| Активности<br>Дневни редови | Време на реализација |
|---|---|
| 1.Усвојување на Записник од претходна седница на Училишен одбор<br>2.Разгледување на плинирани набавки во годишниот план<br>3.Разгледување на Извештај од Централна пописна комисија за спроведување на попис на средствата и нивните извори за 2023 година<br>4.Разгледување на Завршна сметка за 2023 година и предлагање на истата до Совет на Општина Охрид<br>5.Носење на одлука за одобрување на Програмата за изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Живко Чинго'' – Велгошти за учебната 2023/2024<br>6.Разно | 22.02.2024 година |
| 1. Усвојување на записникот од предходната седница на Училишниот одбор.<br>2.Разгледување на Годишен извештај и носење одлука за истиот за работа за учебна 2023/2024<br>3.Разгледување на Годишна програма и носење одлука за истата за работа на училиштето за учебна 2024/2025<br>4.Разгледување на Планот за развој на училиштето во периодот од 2023-2027 година<br>5.Разно | 01.07.2024година |

| | |
|---|---|
| 1.Усвојување на записникот од предходната седница на Училишниот одбор.<br>2.Верификација на мандат на членови во Училишниот одбор | 02.09.2024 година |
| 1. Усвојување на записникот од предходната седница на Училишниот одбор.<br>2. Предлог за донесување одлука за Финансов план на ООУ,,Живко Чинго''с.Велгошти за 2024 година<br>3. Разно | 26.11.2024 година |
| 1. Усвојување на Записник од претходна седница на училишен одбор<br>2. Формирање на комисии за ситен инвентар, комисија за основни средства, комисија за побарувања и обврски, комисија за расход и централна пописна комисија за вршење на редовен годишен попис во ООУ ,,Живко Чинго'' Велгошти за 2024 година<br>3.Разгледување на молби по објавен оглас на работни места на определено работно време за учебна 2024/2025 на ООУ ,,Живко Чинго'' и давање предлог за избор на наставници до директорот<br>4.Разно | 17.12.2024 година |
| 1.Разгледување и одобрување на годишен одмор за 2024 година за директорката Љубица Ангелоска Кркачоска | 31.01.2025 година |

| | |
|---|---|
| 1.Усвојување на Записник од претходна седница на Училишен одбор<br>2.Разгледување на плинирани набавки во годишниот план<br>3.Разгледување на Извештај од Централна пописна комисија за спроведување на попис на средствата и нивните извори за 2024 година<br>4.Разгледување на Завршна сметка за 2024 година и предлагање на истата до Совет на Општина Охрид<br>5.Носење на одлука за одобрување на Програмата за изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Живко Чинго'' – Велгошти за учебната 2024/2025<br>6. Правилник за начинот и поблиските критериуми за учество на натпревари во основното образование<br>7.Разно | 24.02.2025 година |
| 1.Усвојување на Записник од претходна седница на Училишен одбор<br><br>2. Патрон празник на училиштето- откажување на истиот поради настанатата ситуација во Кочани и прогласување на седум дневна жалост во Република Македонија. | 19.03.2025 година |
| 1. Усвојување на записникот од предходната седница на Училишниот одбор<br>1.Предлог до директорот на улилиштето за носење одлука за избор на наставник кој ќе го заменува во негово отсуство | 01.04.2025 година |

| | |
|---|---|
| 2. Разно | |
| 1. Усвојување на записникот од предходната седница на Училишниот одбор.<br>1.Усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи<br>2.Усвојување на План за заштита од пожари експлозии<br>3.Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи<br><br>1.Усвојување на Записник од претходна седница на Училишен одбор<br>2.Усвојување на нов правилник за видовите пофалби,награди и прогласување на првенец на генерација<br>3.Разно | 25.03.2025 година<br><br><br><br><br><br><br><br>19.05.2025 година |

| | |
|---|---|
| 1. Усвојување на записник од претходна седница на Училишен одбор<br>2. Разгледување на молби по објавен оглас на работни места за непределено работно време за учебна 2024/2025 година и давање предлог за избор на технички персонал до директорот<br>3. Разгледување на предлог од страна на наставнички совет за избор на првенец на генерација и носење одлука од страна на учичишен совет<br>4. Носење одлука а формирање на тим за подготовка и координација на изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година<br>5. Носење одлука за формирање на тим за подготовка и координација наизработката на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година<br>6. Носење одлука за формирање на стручен тим за подготовка на програми за екскурзии, излети и настава во природа во учебната 2025/26 година<br>7.Носење одлука за формирање на тим за професионален развој на наставниците и стручните соработници во учебната 2025/2026 година<br>8. Разгледување на одлука од страна на директор за распределба на ученици во шесто одделение<br><br>1.Усвојување на Записник од претходна седница на Училишен одбор | 19.06.2025 година |

| | |
|---|---|
| 2.Разгледување на **Годишен извештај** за работа за учебна 2024/2025 година<br>3.Разгледување на **Годишна програма** за работа на училиштето за учебна 2025/2026 година | 07.07.2025 година |

**Прилог 6 - Извештај од работата на наставничкиот совет**

| Содржини | Време на реализација Реализатори |
|---|---|
| 1. Известување за почетокот на учебната година 2024/25<br>2. Измени во распределбата на задолженијата на наставници<br>3. Годишни планирања на наставниците<br>4. Распореди на часови за одделенска и предметна настава<br>5. Избор на записничар за наставнички совет за наредна учебна година<br>6. Давање мислење од наставнички совет за приправник Јадранка Китаноска - наставник по математика и физика<br>7. Актуелности | 30.08.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. И | 02.9.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1.<br>2. Актуелности | 16.09.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. Анализа врз успехот, редовноста и поведението на учениците во првиот наставен период<br>2. Организација и реализација на наставата по наставни предмети и подрачја во првиот класификационен период<br>3. Актуалности | 14.11.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. Полугодишен извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие во учебната 2024/25<br>2. Информација за реализацијата на плановите од сите видови настава<br>3. Договор за организација и реализација на активностите за одбележување на 8 ми Март - денот на жената и 20 ти Март - денот на училиштето<br>4. Мислење од ментор и наставнички совет за приправникот Марија Петроска<br>5. Актуелности | 15.01.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |

| | |
|---|---|
| 1. Извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците во третото тромесечие во учебна 2024/25<br>2. Информација за реалзацијата на плановите од сите видови настава<br>3. Носење одлука за полагање класен испит за ученичката Натали Латкоска, ученичка во IX одделение<br>4. Носење одлука за формирање комисија за нарачка на учебници<br>5. Актуелности | 10.04.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. Давање на мислење за пријавените кандидати за избор и прогласување на ученик првенец на генерација и пофалени ученици при ООУ ,,Живко Чинго” - с. Велгошти, Охрид во учебната 2024/2025 година.<br>2. Актуелности | 04.06.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. Годишен извештај за реализација на наставниот план и програма во IX деветто одделение во учебната 2024/2025 година.<br>2. Годишен извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците во IX одделение во учебната 2024/2025 година<br>3. Разгледување на извештаите за реализирани екскурзии, настава во природа и излет за учениците од:<br>1. - еднодневна екскурзија за учениците од III одделение<br>1. - дводневна екскурзија за учениците од VI одделение<br>1. - тридневна екскурзија за учениците од IX одделение<br>1. - Извештај за реализиран еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одделение.<br>4. Актуелности | 13.06.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |
| 1. Извештај од реализиран одделенски испит за ученичката Натали Латкоска од IX одделение и утврдување на постигнатиот успех | 17.07.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |

| | |
|---|---|
| 1. Известување за формиран тим и комисија за подготовка и координација на изработката на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година.<br>2. Известување за формиран тим и комисија за подготовка и координација на изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/25 година.<br>3. Известување за формиран стручен тим за подготовка на програми за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности за учебната 2025/26 година.<br>4. Именување на раководители на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности за учебната 2025/26 година.<br>5. Известување за формирање тим за професионален развој на наставниците и стручните соработници во учебната 2025/26 година.<br>6. Годишен извешатај за реализација на наставниот план и програма во учебната 2024/2025 година.<br>7. Извештај за успехот, поведението, редовноста на учениците на крајот од учебната 2024/25 година.<br>8. Распределба на VI одделение<br>9. Актуелности | 19.07.2024<br>Директор, стручна служба, наставници |

**Прилог 7 - Извештај од работата на Детската организација**

Оваа учебна година Детската организација работеше според програмата за работа на Детската организација во тековната 2024/25 учебна година.На првиот состанок присутните ученици избраа раководство на Детската организација. За претседател беше избрана Ивана Ѓорѓиеска од V б одд.Исто

така беа соопштени и плановите за прием на првачињата во Детската организација. Соопштено беше дека истовремено ќе се обележат 5-ти Октомври – Денот на учителот, 11-ти Октомври – Денот на народното востание и 23-ти Октомври – денот на Македонската револуционерна борба со тематски текстови, песнички и предавања. Приредбата која заедно ќе ги одбележи сите овие датуми се организира на 10.10.2024 год. Исто така соопштено беше дека на одделенските часови во сите паралелки ќе се зборува за Конвенцијата за заштита на детските права. На повеќето состаноци се разговараше за различни теми и се насочуваа учениците како да изработуваат украси за Новогодишниот базар. Во нашето училиште се организираше Новогодишен базар на кој учениците од I до IXодд , ги продаваа своите изработки .Се собраа средства кои ќе бидат наменети за потребите на нашето училиште.Се одржуваа кратки предавања за 22-ри Април – Денот на планетата Земја,како и разговори со учениците кои кажуваа свои видувања на различни теми. Пред присутните ученици презентирани беа резултатите од меѓуодделенските натпревари во знаење и спорт, а исто така презентирани беа и резултати од постигнатите успеси на учениците на општинските, регионалните и државните натпревари.

**Прилог 8 - Извештај од работат на црвениот крст**

*24.9.2024- Нашето училиште зеде учество на хуманитарен собир со спортски активности во организација на ОО Црвен крст Охрид под наслов „За посреќно детство“;

*16.10.2024- Одбележување на недела на гладта во соработка со ОО Црвен крст- Охрид- Учество во хуманитарен настан „Помислете и на нас“ (собирна акција за храна и средства за хигиена);

*1-15. 10.2024 - Хуманитарна акција за собирање на парични средства за помош при лекувањето на нашата сограѓанка Бојана.

*1.11.2024 - Хуманитарна театарска претстава за деца од прво до шесто одделение, во која ќе настапуваат актери од Босна и Херцеговина, средствата собрани од продажбата на влезниците, по цена од 150 денари, беа наменети за населението во реонот на Јабланица и Коњиц, кои претрпеа најмногу оштетувања во поплавите.

*14.11.2024-Учениците од IX одделение присуствуваа на предавање/обука за укажување на прва помош организирана од волонтерите на ОО Црвен крст Охрид: срцево-белодробно оживување, скршеници, отворени рани, изгореници и смрзнатини, крварење од нос и други итни ситуации;

*23.12.2024- СРЕЌНА ЕЛКА- помош и соработка при поставување на елката на која децата од социјално-загрозени семејства напишаа желби кои им беа исполнети од наши сограѓани;

*26.12.2024- наменско предавање од страна на волонтери на ОО Црвен крст Охрид за учениците од IX одделение на тема: секс и сексуално преносливи болести;

*1.4.2025- Одржано предавање на IX одделение од страна на волонтерите на ОО Црвен крст Охрид на тема НАСИЛСТВО;

28.05.2025- Учество и добиени награди на за најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс на тема: „Глас на хуманоста“. Конкурсот беше објавен на иницијатива на Програмата за грижа за стари лица „Најди Време“ и Клубот на млади при Црвен крст Охрид.

**Прилог 9 - Извештај од антикорупциска едукација**

Активностите беа насочени кон учениците од **VIII и IX одделение**, како и наставниците, стручната служба и родителите. Во продолжение следи преглед на спроведените активности:

**Октомври 2024**

Одржан **иницијален состанок** на тимот за антикорупциска едукација.

Извршено **разгледување на програмата** и договорени начини на реализација.

Избрани **родители и ученици** кои активно се вклучија во реализацијата на предвидените активности.

**Декември 2024**

**Анкета** спроведена кај учениците од **VIII и IX одделение** за испитување на нивните ставови, познавања и перцепции за појавата на корупција.

Извршена **анализа на добиените податоци** како основа за следните активности.

**Февруари – Март 2025**

Во рамките на наставата по **Граѓанско образование**, реализирани часови со **содржини поврзани со корупцијата**:дефинирање на поимот,облици на корупција,штетни последици,начини на препознавање и спречување.
Применети се **презентации, дискусии и анализа на конкретни ситуации**.

**Февруари 2025**

Реализирана **работилница**: „**Оддолевање на притисок од врсниците**“, каде учениците научија:како да се справат со врснички притисок, како да препознаат неправилности, информации за **антикорупциска комисија**.

**Април 2025**

Реализирана **драматизација** на тема „**Мито и корупција**“.
Учениците подготвија текст, играа улоги и ги претставија негативните последици од коруптивни практики.
Активноста беше креативен израз и едукација преку уметност.

**Мај – Јуни 2025**

**Интерен ликовен конкурс** на тема: **Антикорупција**. Учениците изработуваа цртежи на тема интегритет, правда и борба против корупцијата. Избран беше најкреативниот труд.
Одржана **финална средба на тимот** на која беа: евалуирани сите реализирани активности, презентирани резултатите и заклучоците, дадени насоки за идни подобрувања.

**Прилог 10 - Извештај од работата на училишниот парламент**

Во текот на учебната 2024/2025 година, Ученичкиот парламент активно работеше и неговите активности беа од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Активностите се реализираа според Годишниот план и програма.

На одржаните состаноци се разгледуваа прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со воспитно-образовниот процес, културно-забавниот живот, естетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн.

Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба во текот на целата учебна година постоеше голема соработка и комуникација, кои истовремено даваа и голема помош и поддршка во работата на Ученичкиот парламент на училиштето. На состаноците во текот на оваагодина беше дискутирано за:

Начинот на кој се гради Ученичкиот парламент - Учениците научија што е тоа Ученички парламент, како се формира, а воедно беше разговарано и за начинот на кој функционира истиот. Беше презентирана Годишната програма, активностите и работилниците кои се реализираа во текот на учебната година.

На учениците им беше објаснета потребата и важноста за формирање на ученички тела, беше објаснет начинот на кој се спроведува процедурата за избор на претседател и заменик преседател на паралелката, како и критериумите кои учениците треба да ги задоволуваат. Исто така, учениците ги дознаа и своите обврски и задачи во текот на учебната година.

**Прилог 11 - Извештај од МИО активности**

**Работилници со ученици од одделенска настава (II - V одделение)**

Организирани се работилници во рамки на програмата за ОЗЖВ на часовите за одделенска заедница.

Акцентот беше ставен на развивање чувство на толеранција и почитување на различностите.

Работилниците ги водеа одделенските раководители и беа реализирани во периодот од септември 2023 до мај 2024 година.

**2. Работилници со ученици од предметна настава (VI - IX одделение)**

Слични активности беа спроведени во предметната настава, особено во рамки на часовите за ОЗЖВ и граѓанско образование.

Целта беше да се развие свест за важноста на меѓуетничката толеранција и рамноправност.

Работилниците беа одржани во периодот септември 2026 – мај 2025 година.

**3.Соработка со партнер училиште „Фаик Коница“ од с. Доброште, Тетовско**

Доколку беа овозможени услови и средства, предвидена беше и посета на партнер училиштето, но поради ограничувања не беше реализирана.

**4. Промоција на рамноправност и почитување во сите аспекти на училиштето**

Преку наставните содржини, работилници, советодавни разговори и личен пример на наставниците и вработените, се афирмираше почитување и рамноправност на припадниците на сите етнички заедници.

Ова се постигна низ целокупниот учебен процес и секојдневните активности.

**Прилог 12 - Извештај од матријално финансиското работење**

**Расходи**

| Сметка | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни трошоци | |
| 420140 | Споредни трошоци | |
| 420120 | Патување во земјата | |
| 421 | Комунални услуги | 33.125,00 |
| 421110 | Електрична енергија | |
| 421130 | Ѓубретарина | |
| 421120 | Вода | |
| 421320 | Телефон | |
| 421240 | Нафта | |
| 421310 | Пошта | |
| 421410 | Гориво за моторни возила | 23.852,00 |

| Сметка | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 9.273,00 |
| 423 | Ситен инвентар | 77.399,00 |
| 423310 | Работна облека | 4.300,00 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 3.600,00 |
| 423120 | Весници и списанија | |
| 423710 | Средства за хигиена | 13.509,00 |
| 423610 | Наставно-научни помагала | |
| 423620 | Училишни материјали | 19.702,00 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 2.360,00 |
| 423810 | Ситен инвентар | 6.540,00 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 5.665,00 |
| 423990 | Други материјали | 19.693,00 |

| Сметка | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 424 | Тековно одржување | 168.340,00 |
| 424210 | Одржување на згради | 98.500,00 |
| 424230 | ДДД (дезинсекција, дератизација, дезинфекција) | 9.950,00 |
| 424420 | Поправка на софтверска опрема | 15.690,00 |
| 424430 | Поправка и одржување на машини | |
| 424410 | Поправка и одржување на мебел | |
| 424440 | Поправка и одржување на друга опрема | 34.200,00 |
| 425 | Договорни услуги | 53.876,00 |
| 425360 | Судски такси | 436,00 |
| 425720 | Услуги за развој на наставен план и програма | |
| 425740 | Дополнителни активности | |

| Сметка | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 425750 | Други образовни услуги | 53.440,00 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | |
| 425790 | Други образовни услуги | |
| 425920 | Услуги за копирање и издавање | |
| 425990 | Други договорни услуги | |
| 426 | Други тековни трошоци | 36.406,00 |
| 426410 | Објавување на огласи | 1.416,00 |
| 426990 | Други оперативни трошоци | 35.900,00 |
| 480 | Купување на опрема | 65.769,00 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 14.499,00 |
| 480140 | Купување на информатичка опрема | 51.270,00 |
| 483 | Купување на мебел | |

| **Сметка** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| **483120** | **Купување на училишен мебел** | |
| **483190** | **Купување на друг мебел** | |
| **Вкупно расходи** | | **551.099,00** |

**Приходи:**

| **Сметка** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| 723 | Такси и надоместоци | 572.780,00 |
| 723119/1 | Тениски клуб Охрид | 144.950,00 |
| 723119/2 | Рекреативци | 164.230,00 |
| 723119/3 | Приходи од градинка | 140.000,00 |
| 723119/5 | Седмерец | 123.600,00 |
| 723911 | Закупнини | |

| Сметка | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 741114 | Пренесен вишок приходи од минатата година | |
| **Вкупно приходи** | | **572.780,00** |

**Прилог 13 - Извештаи за реализирани екскурзии, излети и настава во природа**

**Еднодневна екскурзија до Битола и Прилеп - III одделение, ООУ „Живко Чинго“ - Велгошти**

Со учениците од нашето училиште ООУ „Живко Чинго“, на ден 23.05.2025 година, се изведе еднодневна екскурзија од научно-рекреативен карактер, до градовите Битола и Прилеп. Поаѓањето беше во 8 часот, од училишниот двор.

По околу час и половина стигнавме во Битола и прво го посетивме археолошкиот локалитет Хераклеа – Линкестис, градска населба од старомакедонско време, снована кон средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски. Учениците ги разгледаа остатоците од повеќе сакрални објекти кои восхитуваат со својата убавина, посебно онаа на подните мозаици коишто претставуваат ремек-дела на ранохристијанската уметност од I и VI век. Тоа се: малата базилика, цивилната базилика, големата базилика и цеметријалната базилика. Особен впечаток на учениците им остави импозантната градба на големиот амфитеатар.

Од Хераклеа се упативме кон Зоолошката градина, сместена на падините на Тумбе кафе. Учениците уживаа во средбата со околу 40 видови животни, односно околу 200 животни во оваа ЗОО. Особено внимание им привлекоа лавот и лавицата, нилскиот коњ, ламите, волците и змиите.

По посетата на ЗОО следуваше време за одмор и рекреација во градскиот парк во Битола. Таму учениците се одморија, се рекреираа и спортуваа, а потоа се упативме кон Железничката станица од каде со воз се упативме во градот Прилеп. Во текот на патувањето учениците ги збогатија своите знања за железничкиот сообраќај.

По пристигнувањето во градот Прилеп прво ја посетивме фабриката Витаминка, каде што учениците го гледаа производниот процес во кој се добиваат за нив добро познатите Стоби флипс. По посетата на фабриката се упативме на заеднички ручек во ресторанот „Кекекле“. Откако ручаа и одморија учениците ја посетивме прилепската чаршија и ги разгледавме спомнеиците низ центарот на Прилеп.

На самиот крај од предвидените посети ја видовме и Могилата на непобедените, каде што учениците добија знаења за значењето на овој меморијален комплекс кој е составен од два дела: Заедничка гробница-крипта и спомен урни, а бил изграден во чест на загинатите борци од НОВ.

Околу 16 часот беше поаѓањето од Прилеп за Охрид. Во училишниот двор стигнавме во 18 часот и 30 мин. Учениците беа полни впечатоци, среќни и презадоволни од посетата на градовите Битола и Прилеп и негните знаменитости.

**Дводвневна екскурзија низ Република Македонија со ученици од VI (шесто) одделение во учебна 2024/2025 година**

Екскурзијата се реализира во периодот од 15.05.2025 година до 16.05.2025 година.

Тргнувањето беше во предвиденото време на ден 15.05.2025 година (четврток) од кругот на училиштето.

Пред реализација на екскурзијата во рок од 48 часа пред тргнувањето од страна на директорот на училиштето беше известен Секторот за внатрешни работи Охрид за местото и времето на поаѓање на учениците, бројот на ученици и другите лица кои што патуваат како и за превозникот со кој треба да се реализира екскурзијата.

Исто така, непосредно пред тргнувањето од страна на изведувачот на екскурзијата, агенцијата „Димакс Травел“ од Охрид, ни беа доставени сите потребни документи за техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во Македонија. Беше извршена и проверка дали автобусот има доволен број седишта за добро и безбедно сместување на сите ученици.

Вкупниот број ученици кои што заминаа на екскурзија изнесува 21. Нив ги придружуваа двајца наставници и доктор.

Екскурзијата се одвиваше според претходно изготвената програма од страна на стручен тим кој беше формиран со одлука на училишен одбор согласно член 6 став 2 од Правилникот.

Програмата беше усвоена од страна на Советот на родители, Советот на општина Охрид и од Бирото за развој на образованието. Програмата од агенцијата соодветствуваше со усвоената програма.

Екскурзијата беше многу добро организирана како од страна на агенцијата така и од страна на наставниците и учениците кои беа вклучени во неа. Беа посетени сите места предвидени во програмата.

Првиот ден се упативме кон Дебар. Беа посетени ХЕЦ Шпиље, Кањонот на Радика, манастирот „Св. Георгиј Победоносец“ – Рајчица, Косовраски бањи, Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“. Оттука се упативме до Националниот парк Маврово каде ручавме и тргнавме кон манастирот „Св. Богородица – Пречиста“, Кичево. Продолживме до Крушево, каде се сместивме во хотел Вила Гора, вечеравме и се упативме на прошетка низ градот. Другиот ден, по појадокот, ја посетивме спомен куќата на Тоше Проевски и споменикот Македониум. Оттука се упативме кон Прилеп, каде го посетивме манастирот Св. Архангел Михаил, го разгледавме градот и ручавме. Потоа се упативме кон античкиот локалитет Хераклеја, каде кратко го посетивме поради временските услови (пороен дожд). По разглед на Битола и прошетката по Широк Сокак, тргнавме назад кон Охрид. Пристигнувањето беше во вечерните часови во кругот на училиштето.

Хигиената во хотелот беше на задоволително ниво. Се водеше голема сметка и за квалитетот на храната која што ја консумираа учениците која исто така беше на одлично ниво.

За време на дводневната екскурзија низ нашата татковина учениците се забавуваа, рекреираа, другаруваа и се однесуваа многу примерно во автобусот, во хотелот и во сите места кои ги посетивме.

Ги проширија знаењата од повеќе области, подобро ја запознаа својата татковина и нејзините природни убавини. Имаа можност да го споредат својот начин на живот со начинот на живот во другите градови и да научат да ги прифаќаат различностите.

Екскурзијата беше многу успешно реализирана од страна на сите учесници во неа.

**Тридневна екскурзија низ Република Македонија со ученици од IX (деветто) одделение во учебната 2024/2025 година**

Екскурзијата се реализираше во периодот од 28.05.2025 година до 30.05.2025 година. Тргнувањето беше во предвиденото време на 28.05.2025 година (среда) од кругот на училиштето.

Пред реализацијата на екскурзијата, во рок од 48 часа пред тргнувањето, од страна на директорот на училиштето беше известен Секторот за внатрешни работи - Охрид за местото и времето на поаѓање на учениците, бројот на ученици и другите лица кои ќе патуваат, како и за превозникот со кој ќе се реализира екскурзијата.

Беше проверено дали автобусот има доволен број на седишта за добро и безбедно сместување на сите ученици.

Вкупниот број на ученици кои заминаа на екскурзијата изнесуваше 24. Нив ги придружуваа тројца наставници, водич на патувањето и лекар.

Екскурзијата се одвиваше според претходно изготвена програма од страна на стручен тим, формиран со одлука на Училишен одбор согласно член 6 став 2 од Правилникот.

Програмата беше усвоена од страна на Советот на родители, Советот на општина Охрид и од Бирото за развој на образованието.

Екскурзијата беше организирана како од страна на агенцијата, така и од страна на наставниците и учениците кои беа вклучени во неа.

Беа посетени сите места предвидени со програмата, освен ручекот на 30.05.2025 година во ресторанот “Македонска куќа” - Скопје, поради непочитување на терминот за ручек.

**Прв ден:**

Се упативме кон Струмица преку Битола и Прилеп. Попатно беше посетен археолошкиот локалитет Хераклеја, по што следеше прошетка низ Широк сокак – центарот на Битола. Потоа продолживме кон Прилеп со разгледување на Могилата на непобедените, ручек во Прилеп и прошетка низ градот. Во попладневните часови се упативме кон Струмица, каде по пристигнувањето следуваше сместување, вечера и прослава во хотелот.

**Втор ден:**

По појадокот беа посетени манастирот Водоча и Габровските водопади, по што се упативме кон Берово. Во Берово го посетивме манастирот “Св. Архангел Михаил”. Следуваше ручек и прошетка околу Беровското Езеро. Сместувањето и вечерата беа во хотел “ВИП”, а вечерта се одржа прослава по повод полуматурата во истиот хотел.

**Трет ден:**

По појадокот се упативме кон Скопје, каде беа посетени гробот на Гоце Делчев и црквата Св. Спас. Следуваше прошетка низ центарот на Скопје. Планираниот ручек во ресторанот “Македонска куќа” беше откажан поради непочитување на договорениот термин. Потоа следуваше прошетка и разгледување на трговскиот центар EAST GATE MALL. Преку Стража се упативме кон Охрид, каде пристигнавме во вечерните часови во кругот на

училиштето.

**Екскурзијата беше успешно реализирана од страна на сите учесници.**

**Прилог 14 - Извештаи од секции и училишни клубови**

**Извештај од работата на рецитаторско - драмската секција**

Во склоп на нашето училиште меѓу бројните секции, одлично функционира и рецитаторско-драмска секција која ја сочинуваат учениците од VI, VII, VIII и IXодд. Постои голем интерес кај учениците за оваа секција. Рецитаторско-драмската секција под водство на наставникот по македонски јазик и литература изготвува програми за најразлични културни манифетстации како што се Денот на учителот, Новогодишната приредба, Патрониот празник на Училиштето, Велигденскиот Хепенинг итн. Исто така со своите творби учениците редовно учествуваат на литературните конкурси. Членовите на оваа секција се носители на многу активности, натпревари, приредби, конкурси, одбележување на празници, Денот на училиштето. Најдрагите мигови на сите членови се дружењата со актерите,поетите и писателите. Најчесто тоа дружење е во библиотеките, храмот на книгата се со цел учениците поблиску да се доближат до неа. Активностите на оваа секција се многубројни: негување на убавиот правилен изговор на јазичниот исказ, учество на програми по разни поводи, посета на театарски претстави, разговор со актери, писатели и слично. Рецитаторско-драмската секција редовно се состанува еднаш во неделата,а понекогаш и повеќе пати ако е потребно. . Рецитаторите се избираат по пат на аудицијаи се вклучуваат тие што имаат најдобар гласовен квалитет , дикција , се прават пробни рецитирања на заеднички пишувани пократки рецитали , со мотиви за татковината , љубовта во семејството и меѓу учениците , почитувањето , добрината,помагањето , пејзажи , екологија и најразновидни бури на идеи предложени од наставникот во соработка со учениците. Во драмата учествуваат и скоро самостојно и самокритично која улога би можеле да ја презентираат учениците, со тоа се создава голема можност во успешно изработување на драматизација на текстови и нивна презентација. Посебен е интересот и со големо внимание прифатен , подготвувањето на литературно –

рецитаторско драмски творби, по повод Патрониот празник на нашето училиште. Тогаш членовите заедно со наставникот , работат подолг временски период неуморно сѐ со цел да презентираат успешно. Се пишуваат рецитали на темите од наградните литературно – ликовни конкурси,која секоја година ги објавува нашето училиште. Секоја година членовите на оваа секција учествуваат на Рациновите средби,а исто така има учествувано на литературен конкурс во Скопје. Покрај тоа оваа секција учествува и на секое литературно читање каде што членовите имаат можност да ги презентираат своите творби.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА НА СЕКЦИЈАТА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

### Цели на програмата

Целта на оваа програма беше да се овозможи дополнителна практична поддршка за ученици кои имаат тешкотии во совладувањето на наставните содржини, преку работа во помали групи, индивидуален пристап и практична примена на техниките од наставниот план. Програмата овозможи подобрување на нивните моторички способности, зголемена самодоверба и подобрени спортски вештини.

### Методи и форми на работа

Во текот на наставната година беа користени следните методи и форми на работа:

- Демонстрација и практична работа
- Фронтална и индивидуална форма на работа
- Работа во парови и група
- ИКТ алатки за визуелна поддршка и инструкции

### Реализирани наставни содржина

Во текот на учебната година беа реализирани следниве наставни содржини согласно планираниот распоред:

- **Атлетика**: правилно трчање, висок и низок старт, штафетно трчање, скок во далечина
- **Гимнастика**: колут напред и назад, стој на раце, стој на раце со мост
- **Фрлачки дисциплини**: фрлање ѓуле
- **Корективни вежби**: за правилно држење, превенција од кифоза, сколиоза, рамно стапало
- **Народни ора и танци**: право оро, англиски валцер
- **Игри со топка**: кошарка, ракомет, одбојка, фудбал

Сите содржини беа прилагодени на ниво на учениците, со фокус на постепено совладување на техниките.

**Ресурси**

За реализација на наставата беа користени:

- Учебници по физичко и здравствено образование
- Стручна литература за спорт и вежби
- Видео-материјали и интернет ресурси
- Спортски реквизити и сали за практична настава

**Остварени резултати**

- Учениците стекнаа подобри моторички вештини
- Покажаа зголемена мотивација и активност
- Надминаа дел од своите стравови и неувереност
- Постигнаа подобри резултати на редовната настава
- Подобрување во дисциплина, тимска работа и почитување на спортски правила

**Забелешки и препораки**

- За поуспешна реализација, се препорачува продолжување на програмата и следната учебна година
- Потребна е дополнителна опрема за поефикасно изведување на дел од

активностите
- Соработка со стручна служба за насочување на ученици со специфични потреби

**Извештај од работата на Литературно – новинарската секција за 2024/2025 год.**

Литературно – новинарската секција се состои од ученици од осмо одделение. Претседател на секцијата е Леонид Јоноски. Во секцијата партиципираат и ученици од другите одделенија според афинитетот и потребата.
Секцијата има програма за работа која се реализираше во текот на целата година.

**Цели на секцијата:**

- Негување интерес за литературно-сценско изразување;
- Поттикнување и развивање правилен говор при усно изразување кај учениците;
- Развивање творечки вештини и креативно пишување;
- Развивање двонасочна комуникација (рецитатор-публика);
- Да стекнат знаење за македонската поезија и македонските поетски автори;
- Оспособување за самостојно вреднување и доживување на поетски текст;
- Примена на ИКТ при активностите.
- Афирмација на новинарството како атрактивна професија;
- Стекнување вештини за аргументирано пишување, презентирање и говорење во јавност;
- Унапредување на социјалните и комуникативните вештини;
- Самостојно креирање новинарски содржини;
- Критичко размислување со цел разлика помеѓу професионално новинарство и дезинформации.

Членовите на оваа секција се носители на многу активности, работилници, конкурси, приредби, промоции на книги како и одбележување на празници и значајни настани.

На 57. Детски Рацинови средби секцијата со одговорната наставничка освоија награда за посебен придонес во областа на ИКТ за ликот и делото на Кочо Рацин. Тие учествуваа со свој мултимедијален ИКТ проект во чии рамки е и интернет радиото Црвениот поет. https://rozemak-rozemak.blogspot.com/2024/10/57.html

Ученичката Јана Билбилоска освои прва награда на литературниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето за ликот и делото на Живко Чинго.

На 2. Детски Прличеви беседи ученичката Јана Билбилоска освои прва награда со своја литературна творба.

Дел од учениците учествуваа со свои творби во третото издание на стихозбирката „Тие доаѓаат“ во издание на Општина Охрид. Во збирката учествуваа и ученици од 6. и 7. одд. менторирани од наставничката. Сите творечки вештини учениците ги надрадуваа на работилниците за креативно пишување организирани од секцијата.

Литературно-новинарската секција во рамките на своите активности го издаде училишниот е-весник „Пасквелија“ https://www.canva.com/design/DAGgNuA_hkE/aqmKRDueHXqndVX4nk2zTA/view

Ученичката Михаела Митреска од 6. одд. освои прва награда на литературниот конкурс „Глас на хуманоста“ организиран од Црвениот крст на Охрид.

Љубовта кон македонскиот јазик, кон творењето, самостојното креирање новинарски содржини, презентирањето и говорењето во јавност се основните постулати врз кои се темели работата на Литературно-новинарската секција.

На блогот Роземак може да се следат сите активности. https://rozemak-rozemak.blogspot.com/

## Прилог 15 - Извештаи од реализирани проекти

### Извештај за соработката со Проектот за македонски училишта

Нашето училиште веќе неколку години соработува со организацијата Macedonia Schools Project од САД. Оваа организација е основана од луѓе волонтери и ентузијасти, кои сакале да им помогнат на училиштата во Македонија со финансирање за набавка на нагледни средства и други работи, неопходни за современо одвивање на наставата. Во оваа организација членови се Македонци кои долго време живеат во САД, но исто така и многу родени Американци, кои со својата доброчуд сакаат да придонесат кон добросостојбата на нашите училишта. Нашето училиште е едно од училиштата со кои соработува Macedonia Schools Project и им овозможува финансиска поддршка. Со таа поддршка, во тек на минатата година ние успеавме да обезбедиме неколку работи кои ни го олеснаа наставниот процес. Имено, ги заменавме скоро сите стари и веќе оштетени табли во училниците со нови, бели и магнетни табли. Набавивме 1 лап топ компјутер и 4 декс топ компјутери, со кои постепено ја заменуваме застарената компјутерска опрема. Понатаму, добивме нов проектор, нагледни средства за часовите по физика (оптичка клупа), физичко образование (фудбалски топки).

Во грантот за 2005 година, веќе се набавени нагледни средства за физика, техничко образование, опрема за физичко образование и уште 2 бели магнетни табли, а од септември 2025 година ќе се набават и уште 4 десктоп компјутери и книги за во училишната библиотека.

Претходно, во соработка со Macedonia Schools Project имаме набавено 4 телевизори, кои се поставени во училниците, во секојдневна употреба на часовите, презентирајќи видео материјали, вежби и сите видови на едукативни содржини. Навистина овие средства и тоа како се покажаа корисни во современата настава. Понатаму, машина за копирање, опрема за часовите по физика, хемија, математика, мапи за историја и географија.

Бескрајно сме им благодарни на пријателите од Macedonia Schools Project за нивната несебична помош и се надеваме дека, како и досега, и оваа година ќе ни излезат во пресрет. Се надеваме на долгогодишна и плодна соработка.

**Прилог 16 - Извештаи од работата на стручните активи**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Активот на природната група предмети во учебната 2024-2025 година според планот и програмата имаше предвидено 4 состаноци и истите ги реализира согласно предвидениот план и програма за работа на активот.

На првиот состанок на 26.09.2024 год. беше извршено конституирање на активот и беше донесена годишната програма за работа на активот во оваа учебна година. Истовремено се изврши задолжување на наставниците со свои теми.

Вториот состанок се одржа на 05.12.2024 и на тој состанок, наставникот по физичко образование Никола Вретоски се осврна на историјатот на кошарката и правилата на игра на овој спорт. Наставничката по англиски јазик Марија Мицеска презентира наставен час, одржан во шесто одделение. Часот е за вежби со правилни глаголи во минато време (Past Simple Tense regular verbs). Наставникот по историја Петар Антонов се осврна на историјата на „Кафето и кафеаните во османлиска Македонија“

На третиот состанок одржан на 14.02.2025, наставничката по македонски јазик Снежана Стојаноска даде осврт на литературниот вид романса. наставничката по германски јазик Катерина Најдеска презентира наставен час, одржан во седмо одделение. Часот е воведување на граматичка единица, минато време (Perfekt) на правилни глаголи. Наставниците, членови на овој актив, кои ќе учествуваат на претстојните натпревари, изјавија дека подготовките се во тек

На четвртиот состанок одржан на 23.05.2025, наставничката по музичко образование Оливера Петковска даде осврт на животот и делото на познатиот италијански композитор Антонио Вивалди. Психологот Кети Маркоска одржа предавање на тема „ Фази во развојот наговорот на детето и најчести говорни проблеми што се јавуваат “. Наставниците ги споделија искуствата и резултатите на учениците, кои учествуваа на општински, регионални и државни натпревари по предметите од овој актив.Се донесе заклучок дека програмата на овој актив за учебната 2024-2025 година е во целост реализирана.

И во наредната учебна година, претседател на Активот од јазично-општествената група ќе биде Марија Мицеска. Предложени се стручни теми за активот во следната учебна година и ќе биде донесена програмата.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА  АКТИВОТ НА ПРИРОДНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Активот на природната група предмети во учебната 2024-2025 година според планот и програмата имаше предвидено 4 состаноци и истите ги реализира согласно предвидениот план и програма за работа на активот.

На првиот состанок на 25.09/2024 год. беше извршено конституирање на активот и беше донесена годишната програма за работа на активот во оваа учебна година. Истовремено се изврши задолжување на наставниците со свои теми.

Вториот состанок се одржа на 18.12.2024 и на тој состанок Прфесорката по Информатика - Дубравка Серšиќ одржа  час за “Напредни технологии”кои овожможуваат подобра комуникација меѓу човекот и компјутерот.Професорката по Биологија и Хемија,Маја Попоска одржа предавање за”Класификација на растенијата”.и важноста на растенијата за Животната средина.

На третиот состанок одржан на 26.02.2025 Професорката по Математика и Физика Јадранка Китаноска одржа час за”Новитети за истражување во вселената”односно за влијанието на NASA во истражувањето на планетата Уран.Професорот по Географија и Природни науки-Зоран Станкоски одржа предавање за”Национален парк Галичица”и неговото значење во еко системот.Професорката по Техничко образование Јулијана Милеска одржа предавање за”Наставниците,учениците и сообраќајот”односно нивната меѓусебна поврзаност.

На четвртиот состанок одржан на 07.05.2025, Професорката Катерина Бошкоска одржа предавање за ”Питагорејска чаша”која има голем удел во секојдневниот живот. На истиот состанок се направи анализа на работата на активот и се заклучи дека учениците успешно ги реализира планираните и зададени активности. Како предлог беше дадено, каде што ќе биде можно, повеќе ученици да се вклучуваат во активностите и предложено беше на активот

да има и истражувања или предавања од страна на наставниците, а не само часови. За одговорен наставник на активот во учебната 2025-2026 година се избра Професорот по Географија - Зоран Станкоски

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ**

Во текот на учебната 2024/2025 година, активот на наставници од одделенска настава функционираше редовно, според усвоената годишна програма за работа. Активот одржа 4 седници, во следниве временски периоди: септември – октомври, ноември – декември, јануари – февруари, април – мај.

Секоја седница беше организирана со претходно утврден дневен ред според планот и програмата за работа на активот, и присуство на сите наставници од одделенска настава, како и на стручни соработници (психолог). Во продолжение е даден преглед на реализираните активности, стручни теми и заклучоци.

1. Реализација на програмата за работа

**Септември – октомври**

Поднесен и усвоен извештај за работата на активот за претходната учебна година.

Донесена нова програма за работа за 2024/2025.

Констатирана навремена снабденост со учебници и помагала.

Дадени информации за училишните натпревари по одделенија.

**Ноември – декември**

Презентација на наставен час (Билјана Пулеска).

Концентрација кај учениците и методи за подобрување (Б. Бибиловска Тодороска).

Адаптација на ученици од предучилишна возраст (И. Богеска).

Дискусија за натамошна размена на искуства и поддршка на адаптацијата.

**Јануари – февруари**

Одговорност на учениците (Е. Јорданов).

Влијание на телефоните врз развојот (Е. Асилмовска).

Пет начини за подобрување на концентрацијата (И. Јанковска).

Разгледување на постигнувањата на учениците и вклученост на родителите во наставата.

**Април – мај**

Презентација на наставен час (Н. Калајџиеска).

Анализа на училишни натпревари.

Осврт на реализација на програмата и избор на нов претседател на активот.

Анкета со предлози за Годишната програма на училиштето за следната година.

2. Анализа и оценки

Работата на активот се одвиваше во позитивна и продуктивна атмосфера. Стручните теми беа актуелни, применливи и поттикнаа дискусија и професионален развој. Презентациите на наставни часови овозможија размена на добри практики, а анкетите и анализите придонесоа кон подобро планирање и следење на напредокот на учениците.

3. Заклучоци и препораки

Годишната програма е целосно реализирана.

Наставниците покажаа високо ниво на ангажираност и соработка.

Стручните теми имаат директна примена во наставната пракса.

Потребно е и понатаму да се одржуваат практични презентации и да се вклучуваат и други соработници (педагог, логопед).

Да се организира дополнителна работилница за поддршка на учениците во адаптација и концентрација.

Да се поттикне вклучување на родителите во наставни и воннаставни активности.

**Прилог 17 - Извештај од работата на наставник - ментор**

**01.09.2024**

- Планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа, вклучувајќи:

Наставна програма за учебната 2024/2025 година

Други долгорочни, среднорочни и краткорочни планови и програми

**01.09.2024 – 30.12.2024**

- Менторирање на наставник приправник Марија Петровска.

*Прилози и извештаи приложени во архива.*

**01.09.2024 – 10.06.2025**

- Реализирање на наставни и вонннаставни активности:

План и извештај за реализација на вонннаставни активности

Е-дневник

- Следење и евалуација на напредокот и постигнувањата на учениците:

Наставничко портфолио

Портфолија на учениците

Евидентни листови

- Учествување во надворешни мерења на постигнувања на учениците (државни и меѓународни тестирања):

Спроведување на активностите според барањата на училиштето, БРО и ДИЦ

Телефонска анкета од Министерството за образование и наука (МОН)

- Водење педагошка документација и евиденција:

Наставничко досие

Е-дневник

- Соработка со родители:

Организирана работилница на тема „Безбедно на Интернет“

Програма за соработка со родители во учебната 2024/2025 година

- Соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето во континуитет, согласно потребите и обврските.

- Учествување во работа на стручните активи и други комисии.
*Доставена документација до активот.*

- Изработка на стручна тема и вршење задачи на подделенски/класен раководител.
*Не сум класен раководител.*

- Собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа:

Спроведување анкети
Разни материјали: записници, извештаи, статистики и др.

**01.03.2024 – 20.05.2025**
- Менторство на ученици: Организација и реализација на натпревар за финансиска писменост, во соработка со Народна Банка

- Организација на Недела на информатиката: воннаставни активности со ученици од VI, VII и IX одделение, вклучувајќи презентации, едукативни квизови во Kahoot, изработка на игри, флаери, постери и други материјали на тема „Како да се заштитат на Интернет“.

**01.06.2024 – 20.06.2025**
- Учествување во реализација на испити: државна матура, училишна матура, завршен испит, државни и меѓународни тестирања.
- Активностите се спроведуваат според барањата на училиштето, БРО и ДИЦ
- Функција на тестатор на државна матура во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“

**01.09.2024 – 10.06.2025**
- Планирање и реализација на професионален развој:

План за личен професионален развој за учебната 2024/2025 година
Извештај за реализација на личниот план за развој
Препораки од училишниот тим за професионален развој

- Реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците:
План за дополнителна и дополна настава за 2024/2025 година

- Е-дневник

- Учествување на обуки и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа во континуитет, согласно потребите на училиштето.

- Воведување на портфолио, како дел од професионалното досие.

- Вршење други задачи определени според годишната програма за работа на училиштето, реализирани според потребите и во континуитет.

**01.09.2024 – 30.12.2024**
- Користење иновативни методи и помош на приправникот при спроведување на акциски истражувања.

- Извештај за реализација на акциски истражувања за приправник (3 месеци), со поддршка од наставник-ментор.

**01.09.2024 – 30.06.2025**
- Учествување во изготвување на развојни политики на училиштето.

Развојна програма за учебната 2024/2025 година.
Други задачи согласно стекнатите компетенции за наставник-ментор и потребите на приправниците и учениците, реализирани во текот на учебната година.

## Прилог 17 - Распоред на часови

| Раб. ден | Час | Ia | Iб | IIa | IIб | IIIa | IIIб | IVa | IVб | Va | V б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 1. | Англиски јазик | Математика | Македонски ј | ФЗО | Математика | Математика | ФЗО | Историја и опш. | Македонски јаз | Математика |
| | 2. | Математика | Англиски јазик | ФЗО | Математика | ФЗО | Македонски ј | Историја и опш. | Македонски ј | Математика | Македонски јаз |
| | 3. | Македонски јаз. | Македонски јаз. | Англиски јазик | Македонски ј | Македонски јаз | Природни науки | Македонски ј | Математика | Природни науки | ФЗО |
| | 4. | Музичко образ | Музичко образ | Математика | Природни науки | Природни науки | Слободни активн | Математика | ФЗО | Природни науки | Англиски ј |
| | 5. | | | Природни науки | Слободни актив | Слободни актив | ФЗО | Слободен изб | | ФЗО | Природни науки |
| | 6. | | | | | | | | | Слободни актив | Природни науки |
| | 7. | | | | | | | | | | |
| ВТОРНИК | 1. | Математика | Математика | ФЗО | Математика | Македонски ј | Англиски ј | Македонски ј | Математика | Математика | Македонски јаз |
| | 2. | ФЗО | Македонски јаз | Математика | ФЗО | Математика | Математика | Англиски ј | Природни науки | Македонски јаз | Математика |
| | 3. | Македонски јаз | Природни науки | Македонски ј | Македонски јаз | Англиски ј | Македонски ј | Математика | Македонски ј | ФЗО | ТО и информ. |
| | 4. | Природни науки | ФЗО | Ликовно образ. | Ликовно образ. | Музичко о | Музичко о | Природни науки | Музичко обр | Англиски ј | ТО и информ. |
| | 5. | Слободни актив. | Слободни актив. | Слободни актив | | Други активност | Други активн. | ФЗО | Слободен изб.п | ТО и информ. | Англиски ј |
| | 6. | | | | | | | Музичко о | Англиски ј | ТО и информ. | Слободни актив |
| | 7. | | | | | | | | | | |
| СРЕДА | 1. | Природни науки | ФЗО | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика | Македонски ј | Историја и опш. | Македонски ј | Македонски ј | Историја и опш. |
| | 2. | ФЗО | Природни науки | Математика | Македонски јазик | Македонски јаз | Математика | Македонски ј | Математика | Англиски ј | Математика |
| | 3. | Математика | Математика | Природни науки | Математика | Ликовно о. | ФЗО | Математика | Англиски ј | Историја и опш. | Македонски јаз |
| | 4. | Македонски ј | Македонски јаз | Англиски ј | Природни науки | ФЗО | Ликовно о | Ликовно о | Историја и опш. | Математика | Слободен изб |
| | 5. | | | | Слободни активнн. | Слободни акт | Слободни актив | ФЗО | Ликовно о | Слободен изб.п | Англиски ј |
| | 6. | | | | | | | Дополнителна н | Дополнителна н | Додатна настава | Додатна настава |
| | 7. | | | | | | | | | | |
| ЧЕТВРТОК | 1. | ФЗО | Англиски ј | Математика | ФЗО | Македонски ј | Македонски ј | Математика | Математика | Математика | Математика |
| | 2. | Англиски јазик | ФЗО | ФЗО | Македонски јазик | Математика | Математика | Природни науки | Македонски ј | Македонски јаз | Македонски јаз |
| | 3. | Математика | Математика | Македонски јазик | Математика | Природни науки | Англиски јазик | Македонски ј | ФЗО | ФЗО | Ликовно образ |
| | 4. | Македонски јаз. | Македонски јаз | Општество | Општество | Англиски јазик | Природни науки | ТО и информ. | Природни науки | Слободен изб | ФЗО |
| | 5. | Слободни актив. | Слободни актив. | | | Други активнос | Други активно | Англиски јазик | Техничко со инф | ФЗО | Слободен изб |
| | 6. | | | | | | | | Додатна настава | Дополнителна н | Дополнителна н |
| | 7. | | | | | | | | | | |
| ПЕТОК | 1. | Општество | Општество | Математика | Математика | Математика | Математика | Математика | ФЗО | Историја и опш. | Македонски јаз |
| | 2. | Македонски ј | Македонски јази | Македонски ј | Македонски ј | ФЗО | Македонски јаз. | Англиски јазик | Македонски јаз | Математика | Историја и опш |
| | 3. | Математика | Математика | Музичко о | Англиски ј | Македонски ј | Општество | Македонски ј | Математика | ФЗО | Математика |
| | 4. | Ликовно обр. | Ликовно образ | Слободни актив. | Музичко о | Општество | ФЗО | Слободен изб | Слободен избор. | Македонски јаз | Музичко о |
| | 5. | | | | | Други актив. | Други активн. | Додатна настава | Англиски јазик | Музичко о | ФЗО |
| | 6. | | | | | | | | | | |

| | VI –а | VI –б | VII –а | VII-б | VIII-а | VIII-б | IX-а | IX-б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Историја | Математика | Германски јазик | Биологија | Македонски јазик | Музичко об | Математика | Македонски јаз |
| 2 | Македонски јазик | Историја | Биологија | Германски јазик | Музичко образ. | Македонски јаз | Физика | Математика |
| 3 | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час | Одделенски час |
| 4 | Германски јазик | ФЗО | Математика | Македонски јазик | Англиски јазик | ТО (изборен) | Биологија | Физика |
| 5 | Математика | Германски јазик | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика | ТО(изборен) | ФЗО | Биологија |
| 6 | ФЗО | Македонски јазик | Англиски јазик | Математика | ТО(изборен) | Математика | Македонски јаз | Програмирање |
| 7 | | | | | ТО(изборен | Англиски јазик | Програмирање | ФЗО |
| 1 | Математика | Природни науки | ФЗО | Англиски јазик | Математика | Биологија | Германски јазик | Македонски ј |
| 2 | Природни науки | Математика | Англиски јазик | ФЗО | Биологија | Математика | Македонски јази | Германски ј |
| 3 | Германски јазик | ФЗО | Математика | Историја | Физика | Македонски | Англиски јазик | Географија |
| 4 | Физичко образов | Англиски јазик | Историја | Математика | Граѓанско об | Германски јаз | Географија | Математика |
| 5 | Англиски јазик | Слободен изб.пр. | Географија | Македонски ј | Германски јазик | ФЗО | Математика | Историја |
| 6 | Слободен изб.пр. | Германски јазик | Македонски јазик | Географија | ФЗО | Физика | Историја | Англиски јаз. |
| 7 | | | | | Македонски јазик | Граѓанско обр. | | |
| 1 | Македонски јазик | Географија | Информатика | Биологија | ФЗО | Историја | Македонски јаз. | Математика |
| 2 | Географија | Македонски јазик | Биологија | Информатика | Историја | ФЗО | Математика | Македонски јаз |
| 3 | Математика | Историја | Математика | Географија | Хемија | Англиски јазик | Програмирање | ФЗО |
| 4 | Историја | Математика | Географија | Македонски јазик | Англиски јазик | Хемија | ФЗО | Програмирање |
| 5 | Англиски јазик | ТО со информатика | Македонски јазик | ФЗО | Географија | Македонски ј | Физика | Хемија |
| 6 | ТО и информ | Англиски јазик | ФЗО | Математика | Македонски јазик | Географија | Хемија | Музичко обр |
| 7 | | | | | | | Музичко | Физика |
| | | | | | | | | |
| 1 | Математика | Македонски јазик | Музичко образпов | Германски јазик | Биологија | Математика | Англиски јазик | Граѓанско обр. |
| 2 | Македонски јазик | Математика | Германски јазик | Музичко образ | Математика | Биологија | Граѓанско образ. | Англиски јазик |
| 3 | Природни науки | Англиски | Етика | Математика | Хемија | Германски јазик | Математика | Историја |
| 4 | Англиски јазик | Природни науки | Математика | Етика | Германски јазик | ФЗО | Историја | Биологија |
| 5 | Слободен изб. пре | Музичко образов. | Англиски јазик | Историја | ФЗО | Географија | Биологија | Математика |
| 6 | Музичко образ. | Слободен изб.пре | Историја | Англиски јазик | Географија | Хемија | Ликовно обр. | ФЗО |
| 7 | | | | | | | ФЗО | Ликовно образ |
| 1 | Ликовно образ. | Математика | Слободен изб.пред | Македонски јазик | Историја | Математика | Македонски јаз. | Хемија |
| 2 | Математика | Ликовно образ. | Македонски јазик | Слободен изб. пре | Математика | Историја | Хемија | Македонски јаз |
| 3 | ТО и информат. | Македонски јазик | ФЗО | Ликовно образов. | Физика | Македонски ј | Географија | Англиски ј |
| 4 | Македонски јазик | ТО со информатика | Слободен избор.пр | ФЗО | Ликовно об | Физика | Англиски ј | Географија |
| 5 | Природни науки | ФЗО | Ликовно образован | Слободен избор.п | Македонски ј | Англиски јазик | Германски ј | Иновации |
| 6 | ФЗО | Природни науки | | | Англиски ј | Ликовно образ | Иновации | Германски |